Универзитет „св. Кирил и Методиј" – Скопје

Филозофски Факултет-Скопје

Студиска програма: социологија

***Општествениот феномен „Анонимус" како социјално и културно движење***

-магистерски труд-

Ментор:

Проф. Д-р Константин Миноски

Изработил:

Борис Стипцаров

Скопје, 2019

СОДРЖИНА


**1. Вовед** 3

**2. Истражувачки проблем** 4

2.1. Формулација на истражувачкиот проблем 4

2.2. Цели и задачи на истражувањето 5

2.3. Предмет на истражувањето 5

2.4. Истражувачки прашања 7

2.5. Метод на истражувањето 7

2.6. Очекуван научен придонес и примена на резултатите од истражувањето 9

**3. Социјални движења** 9

3.1. Историски развој на социјалните движења 9

3.2. Теориски рамки на социјалните движења 13

3.2.1. Теорија на новите социјални движења 16

3.2.2. Теорија на релативна депривација 18

3.2.3. Теорија за мобилизација на ресурси 19

3.2.4. Теорија на структурна деформација (истегнување) 20

3.2.5. Теорија на додадена вредност 21

3.2.6. Теорија на врамување 22

3.2.7. Теорија на масовно општество 22

3.3. Дефинирање на социјалните движења 23

3.4. Карактеристики и состав на социјалните движења 25

3.4.1. Елементи на социјалните движења 25

3.4.2. Социјалните движења и општествени промени 29

3.4.3. Членството 30

3.4.4. Наратив и социјалните движења 31

3.4.5. Животен циклус и фази на социјалните движења 32

3.5. Анализа на случај 33

3.6. Типологија на социјалните движења 34

3.7. Современи социјални движења 37

**4. Културни движења** 42

**5. Технологија, дигитален активизам и социјалните движења** 43

**6. Феноменот Анонимус** 46

6.1. За феноменот 46

6.2. Создавање 51

6.3. Хронологија и опис на настаните 52

6.4. Цели и методи на акција 70

6.4.1. Хакери, Хакирање и Хактивизам 71

6.4.2. Социјален инженеринг 75

6.4.3. Протести 76

**6.5. Институционалната реакција кон Анонимус** 77

6.5.1. Институционални актери 77

6.5.2. Реакции на македонските институции 79

6.5.3. Државните институции за безбедност и Социјалните движења 79

6.6. Анонимус денес 82

**7. Социо-културни импликации на феноменот Анонимус** 83

**8. Социјално и/или културно движење или не** 87

**9. Заклучок** 90

**Библиографија** 92

## 1. Вовед

Компјутерската технологија и интернетот, за последните 30 години од корен го променија светот. Најпрво, го сменија начинот на кој се извршуваат професионалните работни задачи во секоја посебна установа и институција. Го унапредија начинот на кој се комуницира и се разменуваат податоците меѓу разните индивидуи, бизнис субјекти, непрофитни организации, државни и останати институции. Потоа, предизвикаа промена на голем број на општествени и културни вредности во различни општествени средини. И на крај, овозможија огромна размена на информации од, но и кон секој агол од Земјината топка (па и надвор од Земјата) и тоа во реално време, нешто што не беше регистрирано досега во човековата историја, а беше замисливо само во научно-фантастичните медиумски дела.

Современите генерации денес не можат да го замислат животот без овие две технологии (а кои се интегрирани и во мобилната телефонија). Секој сегмент од животот им е поврзан со нив без оглед дали се работи за освојување на нови сознанија, градење лични и општествено-политички ставови, комуникација со блиски и далечни луѓе (па и непознати), професионални искуства итн. Не само алатка, туку истите денес станаа интегрален дел од самите нас, засега нематеријално, а кој знае кога и физички.

Тоа што посебно фасцинира, од социолошки аспект, е употребата на компјутерската технологија и интернетот во општествената динамика, посебно во развојот на новите форми на групирање на луѓето (преку интернет и без потреба од физичко присуство, како на пример социјалните медиуми- фејсбук/твитер/инстаграм/итн. групите, виртуелните групи на онлајн форуми, Viber/Whatsapp групи итн.)[1] и начинот на изразување на ставовите на индивидуите заинтересирани за конкретни општествени проблеми.

Пројавувањето на социолошкиот интерес за општествениот феномен Анонимус настанува во моментот кога Анонимус на забавно-криминалниот карактер (етикетиран претежно од медиумите и безбедносните државни служби на засегнати држави) му го додава и општествено-политичкиот момент, односно кога Анонимус се обидува ортодоксно[2] да толкува некои основни демократски принципи кои го засегаат интернетот, но и слободата на луѓето. Заштита на слободата на изразување на интернет, слободата на размена на информации и

[1] Новите форми вклучуваат и: онлајн активизам на локално, регионално и глобално ниво; политички активизам надвор од матрицата на идеолошка борба и учество во политичка партија; еднократен активизам наменски мобилизиран; политички меѓуидеолошки активизам на индивидуите; итн.

[2] Поимот „Ортодоксно“ се однесува на вклучување на Анонимус во политичкото милје на глобалистичките демократски движења и социо-политичките ставови за промоција на слободата, посебно на слободата на интернет. Често поимот се однесува на нешто кое се појавило во изворна состојба.

слободно користење на интернетот се основните премиси според кои се води Анонимус. Тоа за што се залага Анонимус, како и останатите слични групации е верувањето дека иднината на демократското општество лежи не во вертикално поставената хиерархиски ориентирана власт, туку во хоризонтално организирана власт. Односно, дека интернетот претставува алатка за ослободување на човекот од политичките стеги на конкретни територии и елити и дека постои огромна потреба за делување на глобално ниво, наместо само на локално ниво. Всушност, тие ја конфронтираат силата на информатичкото општество, со силата на индустриското општество.

Согледувањето на динамиката на промените што овие нови групирања и соработки ги носат, па и нивните конкретни активности и акции, е од витално значење за сфаќање на идните насоки на современите општества, на локално и глобално ниво.

Интернетот е најдобрата алатка за постигнување на слобода што воопшто е создадена, но таа воедно е и најдобрата алатка за шпионирање и контрола на индивидуално, организациско и државно ниво. Од тука доаѓа конфронтацијата која многу наликува на судир на општествени сили во зародиш. Тоа се оние општествени сили кои човештвото го поимаат како тоталитет и кои ја позиционираат улога на истото во светот, природата, времето и просторот/вселената од една страна (често таквите ги идентификуваат како глобалисти) и здружувањето на државите и нивните административни апарати за задржување на контролата врз своите членови и потчинување на членови на други држави.

## 2. Истражувачки проблем

### 2.1. Формулација на истражувачкиот проблем

Основната намена на овој труд е да го анализира и опише општествениот феномен: групацијата Анонимус. Трудот низ призма на теориите за социјалните движења треба во целост, низ сите негови елементи да го анализира општествениот феномен Анонимус, како и да одговори на прашањето дали може овој феномен да се нарекува Социјално движење.

Мотивот за анализа на овој феномен произлегува од неговата зголемена популарност, односно неговата способност да привлече голем број на заинтересирани лица и учесници, како и негово поместување од еден општествен (забавно - нелегален) во друг (социо - политички) домен.

Покрај анализата на теориските рамки за социјалните движења, во фокус ќе бидат и причините за постоење на овој феномен (општествени, културни, политички, економски, безбедносни итн), потоа активностите на феноменот кои се обелоденети во медиумите, ќе се

направи компаративна анализа со другите познати и веќе одамна етаблирани социјални движења, ќе се анализира односот на овој феномен со другите тековни етаблирани и растечки социјални движења, како и карактерот и начинот на соработка со истите, но и ќе се анализира и организациската поставеност на феноменот.

Дополнително ќе бидат анализирани и културните импликации што овој феномен ги иницира во современите општества, како и пристапот на поединечните држави кон есенцијални теми поврзани со интернетот и употребата на компјутерската технологија во секој домен на човековиот професионален, па и приватен живот.

Со други зборови, ќе се направи целосна анализа на овој општествен феномен од која треба да произлезе одговорот на прашањето „Дали овој феномен може да се смета како општествено, односно социјално движење?", но и да се направи оценка за степенот на неговото влијание на светско ниво, особено во доменот на позиционирање на истото како културна практика.

## 2.2. Цели и задачи на истражувањето

Главната цел на ова истражување е да се утврди дали општествениот, па и културен феномен наречен „Анонимус" е социјалното движење или има поинаква форма и динамика некарактеристична за познатите типологии на општествени појави.

Дополнително, истражувањето треба да постави рамки за иден третман на овој феномен од социолошки аспект и очекувани резултати од неговите активности, како и да се согледаат идните насоки на здружување со слични или различни групи, меѓусебната соработка, како и модалитетите за промена на активностите на Анонимус.

## 2.3. Предмет на истражувањето

Во современата литература, поимот Социјално движење се однесува на групите и организациите кои не се дел од главните текови на политичкиот систем. Тоа обично се движењата за човекови права, еколошките, хомосексуалните, феминистичките, синдикалните движења итн.

Според Гордон Маршал, во Оксфордскиот речник по социологија (стр. 495) *„Социјалните движења претставуваат организиран напор од страна на значителен број луѓе со цел да се промени (или да се спречи промената на) некои аспекти во рамките на општеството.*" Употребата на овој термин датира од 18 век кога Сен Симон се обидел да ги опише

социјалните протести што се појавиле во Франција и другите земји, а кои се однесувале на новите политички сили кои се спротивставувале на политиката на Status Quo.

Денес пак, овој термин се употребува за групите и организациите надвор од глвните текови на политичкиот систем.

Социологот Чарлс Тили, заедно со неговиот колега Лесли Вуд во делото Социјални движења 1768–2012, истите ги дефинира како серија на оспорувани изведби, изрази и кампањи со чија помош обичните луѓе прават колективно барање врз други лица, групи или институции. Тили смета дека социјалните движења се главен двигател за учество на обичните граѓани во јавната политика. Тој тврди дека постојат три главни елементи на социјалното движење:

1) ***Кампањи***. *Одржлив, организиран јавен напор кој поставува колективни барања врз целни авторитети/власти;*
2) ***Репертоар*** *(репертоар на социјални движења). Вклучување на комбинација од следните форми на политичка акција: создавање наменски здруженија и коалиции, јавни средби, свечени поворки, митинзи, бдеење, собири, демонстрации, петиции, изјави за и во средствата за јавно информирање, и делење летоци; и*
3) ***WUNC*** *(Worthiness, Unity, Numbers, Commitments) прикази. Оркестрираното јавно презентирање на учесниците на WUNC: способност, единство, бројност и посветеност на себе си и / или нивните избраници.* (2013: 4)

Сидни Тароу (2011) Социјалното движење го одредува како колективни предизвици (за елитите, властите, другите групи или културни кодови) иницирани од страна на луѓе со заеднички цели и солидарност во постојана интеракција со елитите, противниците и авторитетите. Тој посебно ги одделува социјалните движења од политичките партии и интерсовните групи. Според него, (2011; 9-12) постојат четири суштински карактеристики на социјалните движења: **колективни предизвици, заеднички цели, општествена солидарност, одржување на конфронтација (вжештена дискусија).**

*„Движењата карактеристично ги спротиставуваат спорните предизвици преку директна акција насочена против елитите, властите, другите групи или културните кодови“* (2011; 9).

Понатаму, осврнувајќи се на учесницте, тој вели дека „*поединците треба да ги согледаат политичките можности и да бидат емотивно ангажирани од нивните побарувања, доколку сакаат да учествуваат во можни ризични и секако скапи колективни активности; и тие*

*треба да ги согледаат ограничувањата доколку сакаат да преземат вакви активности".*(2011; 12)

Воедно, јасно би сакале да ставиме до знаење дека академската дискусија за карактеристиките на социјалните движења нема да биде третирана од аспект на спротивставување на аргументите во прилог/наспроти одредена теориска рамка туку ќе бидат земени предвид елементите кои постојат кај социјалните движења и истите ќе бидат споредени со елементите на феноменот Анонимус.

### 2.4. Истражувачки прашања

Овој труд ќе се обиде да одговори на следните прашања:

- Дали општествениот феномен наречен „Анонимус" е социјално движење?
- Ако е социјално движење, тогаш каков тип на социјално движење е?
- Дали анонимус може да прерасне во посебна општествено политичка сила?
- Дали Анонимус може да постигне стабилна организациска структура која може да делува во глобални рамки?
- Колкав претпоставен степен на општествено и културно влијание овој феномен може да има врз локалната култура, но и глобалните културни обрасци во блиска иднина?

### 2.5. Метод на истражувањето

Главниот пристап во ова истражување е квалитативниот. Ова теориско истражување треба да ни помогне да формулираме попрецизни прашања во врска со оваа тема во иднина. Ќе се употреби анализа на содржина на текстовите за Анонимус што се објавувани од медиумите на интернет, блоговите и други портали, како и објавените научни и други дела за овој општествен и културен феномен.

Податоците за изведување на анализата ќе бидат собрани од формални, како и неформални извори на податоци. Формалните податоците кои ќе бидат користени може да се најдат на интернет како текстови на интернет портали кои објавуваат вести или изданија на одреден период, но и во форма на книга. Неформалните податоци ќе бидат исто земени од интернет, но од блогови или форуми за коментари поврзани со темата.

При одредување на изворите на податоци на Анонимус целосно е употребен достапниот материјал во дадениот период (од 2003 до денес), а кој ни овозможува детално проучување на случајот од релативно дистанцирана гледна временска точка.

Изборот на методот на теориска анализа на феноменот Анонимус се потпира генерално на фактот што овој феномен, во моментот на случување не можел да биде истражуван во целост затоа што актерите кои биле неговиот придвижен механизам било невозможно да се идентификуваат во моментот на појавување. Потоа, флуктуентноста во бројност и појавување не остава простор да се дефинираат географските и територијалните рамки во целост, туку мора да се гледа на истото како на глобален феномен.

Неупотребата на техники кои ќе приберат податоци за феноменот од директните учесници, исто се должи на неможноста да се идентификуваат точните лица кои се вклучиле во активностите на феноменот.

**Предметот на интерес на овој труд првенствено ги анализира елементите на социјалните движења, нивните специфики, вредности, услови на појава, времетраење и гасење, и потоа истите ги спротиставува на елементите на феноменот Анонимус.** Анализата на елементите на социјалните движења на кои им се спротиставени елементите на феноментот Анонимус, треба да го прикаже нивото на исполнетост на барањата одреден општествен феномен да биде именуван како социјалното движење.

Намерата и напорите феноменот Анонимус да не биде третиран како социјалното движење од страна на научниците кои се занимаваат со општествените проблеми, посебно на оние од американските научни кругови се должи пред се на пристапот во идејата на постоење на феноменот Анонимус, но и во недоволно разбирање или неможноста да се разберат темите: граѓански права и слободи, социјални движења, дигитална демократија и компјутерска комуникација и безбедност.

Овие пет научни домени се комплексни и навистина бараат посебни знаења и личен афинитет кон процесот на проучување на истите за да може да се направи синтеза на научните сознанија и сфаќања кои ќе помогнат точно да се определат и одредат прашањата кои се испреплетуваат низ секоја од нив, а кои имаат значително влијание во формирањето на условите на секој од овие пет области.

Можеби на индивидуално ниво кај научниците кои ги третираат засебно секоја од овие теми им е полесно да се занимаваат само со една тематика со која ја обезбедуваат својата егизстенција и местото во тековното општеството, притоа не реметејќи го тековниот општествен поредок бидејќи е доволно добар за нивни лични афинитети и потреби. А можеби и немаат дозвола од своите институции да влезат во научна авантура која за основа ја има малку

недефинираната и нерафинирана идеја (ако не и идеологија) на рамоноправност и слобода, нешто што не му е баш по мерка на секој државен апарат, посебно во тоталитарните општества и општествата кај кои постои силна државна власт, организација и контрола.

### 2.6. Очекуван научен придонес и примена на резултатите од истражувањето

Научниот придонес на ова истражување ќе се состои во фактот што досега во современата научна мисла се направени незначителен број социолошки истражувања за феноменот Анонимус од аспект на идентификување на истиот како социјалното движење[3], ниту пак да се согледани причините и последиците од неговата појава, како и нивниот меѓусебен однос, но и влијанието што истото го индицираше во поимање на ранливоста на граѓаните и организациите на интернет.

За македонската социологија ова ќе претставува храбар чекор во согледувањето на современите општествени појави и процеси посебно во доменот на дигиталната култура, бидејќи одамна тукашните социолошки истражувања се редуцирани, но и обид да влее надеж во идните генерации социолози кои може ова да го земат за предизвик и да се обидат да излезат со идеја која ќе стекне уште поголема публика и поуспешна реализација.

Тоа што се очекува од оваа анализа е да претстави како врските што се воспоставуваат помеѓу групите, институциите и организациите, како на индивидуално, така и на колективно ниво во современото општество, се потхрануваат од енергијата употребена за размена на општествено-политички информации кои носат одредена општествена промена во најсилен случај или пак се дел од механизмот за иницирање на општествена промена која ќе соодветствува со универзални човекови вредности.

## 3. Социјални движења

### 3.1. Историски развој на социјалните движења

Џон Маркоф во второто издание на делото Бранови на демократија: Социјални движења и политичка промена, издадено 2015 година, вели:

---

[3] 1) **Knight, William** (2018) Anonymous: a social movement. PhD thesis, University of Nottingham, UK. Достапно на http://eprints.nottingham.ac.uk/46804/1/Full%20Thesis%20-%20William%20Knight%20-%20psxwk2.pdf.
2) **Burford, Caitlyn M. R.** (2013) ANONYMOUS AND THE VIRTUAL COLLECTIVE: VISUALITY AND SOCIAL MOVEMENTS IN CYBERSPACE. MA Thesis, Northern Arizona University, USA. Достапно на https://media.proquest.com/media/pq/classic/doc/3197679241/fmt/ai/rep/NPDF?_s=Myp55QNXUqMdFW9oJT8XMsLPyWI%3D .

*„Социјалните движења какви што ги познаваме денес започнаа да се појавуваат во Англија во доцниот XVIII век, и во XIX век фатија корени во Европа, Северна Америка и пошироко. За да се разбере причината мора да се разгледаат повеќето поврзани промени: засилено владеење, но ослабнат крал; луѓето се самоорганизираат и утврдуваат право на владеење; подобрување на транспортот и стопанските односи кои ги поврзуваат лицата што живеат во далечните области; почеток на распространување на писменоста, и новите комуникациски медиуми кои ги насочуваат луѓето одвоени во просторот да почувствуваат придвижување кон заедничкиот ритам"* (Markoff, 2015; 50).

Тој својата анализа ја става во функција на создавање и трансформација на социјалните движења и распространувањето на демократијата.

Новите социјални движења, кои почнаа да се појавуваат во 1950-тите, вклучуваат социјални движења кои произлегуваат од конфликтите генерирани во општеството и економијата на пост-индустријализмот.

Тили и Вуд (2013) сметаат дека социјалните движења не се нов феномен од 20-тиот век туку дека нивната историја низ целиот свет е малку подолга. Тие сметаат дека социјалните движења напоредно го следат порастот на демократската застапеност во САД и Англија од доцните 1700-ти, притоа заклучувајќи дека истите се значително поврзани со развојот на демократските општества. Но секако, тоа не значи дека оштествените движења се ограничени само на демократските општества туку тие исто се поврзани и со процесот на демократизација во многу општества, а кој исто е присутен во авторитарните општества.

Нивен став е, исто така, дека парламентаризмот ги промовирал Социјалните движења, односно демократизацијата го промовира создавањето на социјалните движења. Формите, персоналот и тврдењата за социјалните движења варираат и еволуираат историски.

Низ историска анализа на елементите на социјалните движења, го одредуваат појавувањето на социјалните движења во форма која постојат на одреден начин и денес.

*„Го бараме времето и местото, каде што луѓето, кога прават колективни барања врз авторитетите, често формираат наменски здруженија или наречени коалиции; одржуваат јавни средби, ги комуницираат нивните програми (преку достапните медиуми); изведуваат поворки, маршеви или демонстрации и преку сите овие активности прават оркестрирано јавен приказ на вредност, единство, масовност и посветеност. Доколку оваа комплексност се одвива заедно редовно и тоа надвор од процесот на изборни кампањи и работничка борба, можеме слободно да кажеме дека социјалното движење се наоѓа на свој терен. Ги препознаваме сите наведени*

*индивидуални елементи во Британската политика на доцниот 18-ти век. Но, според овие стандарди, Британската политика не ги институционализира социјалните движења се до подоцна, за време на Наполеонските војни“.* Тили и Вуд (2013; 29)

На пример, работниците во Франција и Белгија, забележуваат Тили и Вуд (2013) ги напаѓаат индивидуалните работодавци, но ги насочуваат барањата за права, политики и реформи кон државните авторитети; повторените обиди на Белгиските работници при генералните штрајкови се насочени повеќе кон државата, отколку кон работодавците.

Тили и Вуд понатаму сметаат дека од 18-тиот век па наваму, социјалните движења продолжиле не како соло перформанси, туку како интерактивни кампањи. Понатаму, тие констатаират дека релативната важност на тврдењата на програмата, идентитетот и ставот варира значително меѓу социјалните движења, меѓу учесниците во движењата, како и формите на движењето. Социјалните движења најчесто се очекува да се појават таму каде парламентите мора да преговараат со локалното население. На тој начин, всушност, социјалните движења го потврдуваат народниот суверенитет.

Понатаму, Тили и Вуд тврдат дека експанзијата од национално во транснационално се случило во периодот за изминатите 100-тина години откако се формирале меѓународните невладини организации.

*„Пролиферација на меѓународни организации (владини и невладини); зголемената проминенција на транснационалните корпорации и финансиски мрежи, слбеењето на капацитетот на повеќе држави да го контролираат протокот на добра, луѓе, капитал или контрабанда и експанзија на комуникации меѓу потенцијалните цели на тврдењето на социјални движења – сите придонесуваат до промените во динамиката на социјалните движења, штом се создадат. Тие сите претставуваат нови предизвици за активистите на социјалните движења и сите тие охрабруваат формирање на нови политички кругови како база на мобилизација на социјалните движења.“* Тили и Вуд (2013; 108)

Социјалните движења, како измислена институција, може да исчезнат или мутираат во сосема различна форма на политика.

Социјалните движења, најверојатно, се појавуваат кога парламентите мора да преговараат со локалното население. Спротивно на тоа, каде што постои економскиот пораст и екстракција на капиталот може да се појават појави без такви преговори, како во колонијалните контексти на ропството или криминалот. Во тој случај владејачкиот режим најверојатно ќе се соочи со други форми на политика на отпор, како што се бунтови или удари. Еднаш, штом социјалните

движења се етаблираат во политичкото милје, моделирањето, комуникацијата и соработката го овозможува нивното прифаќање во други поврзани околини.

Формите, кадарот и ставовите за социјалните движења варираат и историски се развиваат. Социјалните движења какви што ги препознаваме денес, не продолжиле како самостојни, соло изведби, како што се појавиле во самите почетоци, туку како интерактивни кампањи.

Социјалните движења комбинираат три вида на барања: програма, идентитет и состојба. Во борбите кои се забележани секогаш имало програми за политички промени, но исто така биле вклучени тврдењата дека поборниците на овие програми уживале способност за автономна, ефективна акција и дека учесниците имале политичка позиција да зборуваат јавно за проблемите кои се присутни.

Заради фактот на одмаздднички ритуали, популарни бунтови или дури и оспорени избори, социјалните движења ги поставуваат прашања за правата во центарот на популарната политика. Преку нивната често изнемоштена толеранција на новата синтеза меѓу кампањите, репертоарите и WUNC претстави, британските и американските власти се чувствувале ранливи на тврдењето дека нивните критичари, наместо тие, вистински зборуваат во името на луѓето.

Во транзицијата од осумнаесеттиот до деветнаесеттиот век, јасно се приметува создавање трајна комбинација од трите видови на барања на јавните средби, петиција, јавни декларации, демонстрации, и заеднички симболи на членство.

Откако социјалните движења ќе се утврдат во еден политички амбиент, моделирањето, комуникацијата и соработката го олеснуваат нивното усвојување во други поврзани области. Јасно се забележува генерализацијата на стратегиите за социјално движење низ деловите на северна Америка, и особено на Британските острови. Деветнаесеттиот век ќе донесе многу поголем меѓународен прогрес на социјалните движења, како на пример поддршката на ирските анти-британски активисти од страна на емигрантите и симпатизерите во Англија и Америка.

Социјалното движење, како измислена институција, може да исчезне или да мутира во некоја сосема поинаква форма на политика.

Неодамнешното ширење на меѓународните врски меѓу активистите се виде дека често може да иницира нови форми на политика одоздола-кон горе (од членството кон челниците), а кои што наликуваат на оние што постоеле за време на првата половина на 19 век, кога и се смета дека се појавале социјалните движења.

Во текот на 60-тите години на минатиот век, беше регистриано значителен број на не само нови, туку и проширени постојни форми на политичката партиципација, но и промената на главните теми околу кои дотогаш конфликтите се концентрира. Околу 60-тите години на

минатиот век се појавила промена во квалитетот и квантитетот на социјалните движења, но и територија на која се однесуваат.

Податоците што Тили и Вуд (2013) ги презентирале во своето дело, покажуваат неверојатна поврзаност меѓу создавањето на владините или супра-владините организации како Лигата на нациите, ILO, UN и Светска Банка.

Заштитата на женските права, борбата за мир, правото на глас, заштита на животната средина како теми од интерес на истиот тој период ги поттикнале општествените научници да воведуваат иновативен пристап во работата и да ги перцепираат истите како суштински теми на кое ќе се базира просперитетноста на современиот општествен развој.

Главните теориски модели достапни во тоа време преку кои се интерпретирал општествениот конфликт – Марксистичкиот модел и структуралистичко - функционалистичкиот модел веќе започнаа да бидат третирани како несоодветни. Општествената трансформација која се појавила по завршување на втората светска војна го симнала од тронот односот Труд-Капитал, а кој пак до тогаш иницирал значителни општествени промени.

Соодносот и директниот судир на работничката класа и капиталот се здобил со фрагментираност како последица на зголемениот пристап на обичното население до знаењата кои се здобиваат само на високообразовните институции, но и масовното учество на женскиот работнички труд во вкупниот производ. Тоа придонело, пак, до засилување на влијанието на елементи на социјалната стратификација кои претходно немале зачајна и отворена улога во формирање на силата на општествено-политичката конфронтација. Младите, жените, новите професионални групи биле само делумно поврзани со класните конфликти.

### 3.2. Теориски рамки на социјалните движења

Теориските рамки на социјалните движења се анализирани од значителен број меѓународни автори и тоа секој посебно од свој аспект и фокус на интерес. За потребите на овој труд, како референтна рамка при проучување на социјалните движења користена е анализата на авторите од делото ***Теории на социјалните движења*** во издание и уредништво на Salem Press, од 2011, но и други авотри.

Кристијан Фухс, (Fuchs, 2006), истакнува два главни пристапи во теоријата за социјалните движења, европскиот пристап кон Новите социјални движења и америчкиот пристап кон мобилизација на ресурсите и политичките можности.

Фухс во својот труд сугерира дека:

*"Идејата за самоорганизација е еден начин да се земат предвид и внатрешните и надворешните, структурни и акциони аспекти на социјалните движења и дека дозволува динамичен концепт на протест. Појавата на социјалните движења не е утврдена, туку е комплексен резултат на криза, мобилизацијата на ресурси, когнитивната мобилизација. Потрагата по самоизградувањето на единствени закони за појава на движењата е израз на едномерно, линеарно и детерминистичко размислување. Протестите и општствените проблеми се нелинеарно поврзани. Социјалните движења се дел од системот на граѓанското општество, преку создавање алтернативни теми и барања, тие ја гарантираат динамиката на политичкиот систем.“*

Понатаму, тој смета дека пристапот на новите социјални движења ги потенцира структурните состојби и промените во општеството предизвикани со појава на социјални движења, а тоа пак, произлегува од структуралистичката марксистичка традиција. Мислителите како Јирген Хабермас и Клаус Оффе биле под влијание од критичната теорија на Франкфуртската школа (Хоркхајмер, Адорно), додека пак Ернесто Лаклау и Шантал Муфе доаѓаат од интелектуалната традиција на францускиот структурален марксизам (Алтусер, Балибар).

Проучувачите на новите социјални движења се спротивставуваат на економскиот и класниот редукционизам и истите сметаат дека појавата на социјални движења не може да се објасни единствено од економските промени и позицијата на актерите во процесот на производство. Пристапот на новите социјални движења ги нагласува некласните прашања како што се родот, етничката припадност, возраста, соседството, животната средина или мирот.

На следната табела се претставени главните пристапи во проучување на социјалните движења според Фухс (Fuchs, 2006).

Табела 1. Два главни пристапи во истражувањето на социјалните движења

| | **Пристап кон Новите социјални движења** | **Пристап на мобилизација на ресурси** |
|---|---|---|
| *Интелектуална традиција* | Франкфуртска школа, структурален Марксизам | Теорија на рационален избор |
| | Против класниот редукционизам и економски редукционизам: пол, етничка припадност, возраст, соседството, животната средина, | Против теорија на колективното однесување (Диркем, Смелер, Блумер) која социјалното движење го смета за |

| | | |
|---|---|---|
| | мир | ирационално и резултат на поплаки |
| *Главни претпоставки* | Структурните промени во општество предизвикуваат појава на социјално движење: колонизација на живиот-свет (Хабермас), пост-индустриско општество (Турен), масификација на општествениот живот (Лакло, Муф) | Социјалните движења се резултат на успешна мобилизација на ресурси и политички можности. Индивидуите прават проценк на трошоците и придобивките, а со цел да одлучат дали ќе се вклучат во протестот или не. Социјалните движења се натпреваруваат едни со други за јавни ресурси, како и со други општествени системи кои имаат побарувања врз јавните ресурси |
| *Важни концепти* | Колонизација на животниот свет<br>Наведувачки медиуми<br>Пост-индустриско општество<br>Историчност<br>Односи на подреденост<br>Односи на угнетување<br>Хегемонија<br>Контрадикторни интерпелации<br>Масификација | Селективни стимулации<br>Надворешни ресурси<br>Лични мрежи<br>Социјален капитал<br>Мобилизирање на структури<br>Протестни репертоари<br>Политички можности<br>Рамки<br>Лидерство<br>Процес на регрутација<br>Индустрија на социјални движења<br>Сектор за социјалното движење |
| *Развој* | Дисконтинуитет / прекин на општеството | Континуитет на социјалните структури |

| | | |
|---|---|---|
| *Улогата на борбата* | Борба за колективната контрола на значењето и новите форми на идентитетите | Борбите се резултат на мобилизација на ресурси:<br><br>Материјални: пари, организација, работна сила, технологија, средства за комуникации, медиуми.<br><br>Нематеријални: легитимитет, лојалност, општествени односи, мрежи, лични врски, внимание на јавноста, авторитет, морална посветеност, солидарност. |
| *Форма* | Плуралистичка, многу прашања | Конкурентна |
| *Политички аспекти* | Дел од граѓанското општество | Барања до државата |

Според авторите на Референтниот социолошки водич (САЛЕМ ПРЕСС, 2011: 27) Теоријата на социјалните движења, која што предлага дека социјалните движења се во многу инстанци, создадени низ употреба и манипулација на рамки, ресурси, и информации, се појавила во доцниот деветнаесети век.

Интердисциплинарната историја на теоријата на социјалното движење вклучува шест главни области на студии: Релативна теорија на депривација; Теорија на масовно општество; Теорија за мобилизација на ресурси; Теорија на структурни-деформации; Теорија на додадена вредност и Теорија за новите социјални движења.

3.2.1.Теорија на новите социјални движења

Теоријата за новите социјални движења смета дека современите (пост-индустриски) социјални движења изведуваат колективна акција на поразличен начин од традиционалните социјални движења. Според теоретичарите кои ја поддржуваат оваа струја, социјалните движења се доброволна организација на поединци кои дејствуваат заедно во насока на создавање или стопирање на општествени промени.

> *„Социјалните движења се повеќе групи ориентирани кон моќта, отколку движења ориентирани кон партиципација, што значи дека групните*

*активности на социјалните движења не се нужно од примарна корист за поединечните членови, туку служат на поголемите цели на групите. За да се направат промени во поголемиот социо-политички контекст се изведвуаат координирани групни акции".* САЛЕМ ПРЕСС (2011:111).

Теоријата на новите социјални движења се однесува на новата парадигма на активности на социјалните движења и колективна акција. Современите социјални движења се разликуваат од традиционалните социјални движења по своите стратегии, цели и членство. Научниците кои ја поддржуваат оваа теорија сметаат дека движењата се израз на желбата на граѓанското општество за структурни промени и нивната сила и растечка значајност произлегува од сеприсутност на информациите во современото општество кое, во основа, се потпира на големото количеството на знаење.

Новите социјални движења се резултат на менување на социјалните, економските и политичките односи во пост-индустриското општество и нивната цел не е револуционерна промена и растурање на постојниот политички и економски поредок. Лентин анализира дека новите социјални движења помагаат да се објаснат променливите форми на политичка организација и промените на односите меѓу јавните и приватните сфери во пост-индустриските општества (Lentin, 1999).

Новите социјални движења го заменија традиционалното социјално движење од времето на пролетерската револуција, и истите наликуваат на лабаво поврзана група на колективни дејства.

Теоријата за новите социјални движења смета дека новите социјални движења, како на пример: анти-воените, еколошките, движењата за граѓански права и феминистичките движења, се разликуваат од другите традиционални социјални движења, како што се работничките движења. Традиционалните социјални движења биле претежно ангажирани во меѓукласниот конфликт (главно фокусирани на економските проблеми и нееднаквостите), додека новите социјални движења се вклучени во социо-политички, социо-културни, но и делумно социјално-економски конфликти.

Ова всушност покажува дека новите социјални движења немаат тендеција за предизвикување суштински и темелни општествени промени, туку дека допираат и обработуваат само еден сегмент од современите проблеми во конкретното општество или човештво, односно специјализацијата на социјалните движења е поизразена.

Членовите на нови социјални движења најчесто се дел од сегментот на општеството што се нарекува нова средна класа. Новите социјални движења ги охрабруваат членовите да се вклучат во промените во животниот стил, имаат тенденција да имаат поддржувачи наместо

членови и се карактеризираат како лабаво организирани мрежи. Овие нови социјални движења се разликуваат од протестните групи, бидејќи тие честопати сакаат да ја видат промената на глобално ниво, наспроти единствените прашања што ги застапуваат протестните групи.

### 3.2.2. Теорија на релативна депривација

Разбирањето на историјата, примената, предностите и слабостите на теоријата на релативната депривација е од витално значење за сите оние кои се заинтересирани за социологијата на социјалните движења.

Теоријата на релативната депривација се однесува на идејата дека чувствата на лишување и незадоволство се поврзани со посакуваната референтна група (т.е. референтни групи). Чувствата на релативно лишување се јавуваат кога желбите стануваат легитимни очекувања и тие желби се блокирани од општеството. Социјалното задоволство е спротивно на релативната депривација, која пак, генерално се смета за централна варијабла во објаснувањето на социјалните движења и се користи за објаснување на потрагата по општествени промени што ги инспирира социјалните движења. Авторите на теоријата на релативната лишеност сметаат дека социјалните движења произлегуваат од колективните чувства на релативна лишеност.

Оваа теорија се применува на социо-политички, економски и организациски проблеми и истата се фокусира на чувства и акции. Таа го поттикнува истражувањето на чувството на лишување на поединецот, а тоа може да резултира од споредување на неговата или нејзината ситуација со онаа на референтната личност или група, како и однесувањето предизвикано од чувствота на лишување.

Теоријата на релативната депривација прави разлика меѓу егоистичната лишеност и братската депривација. Теоријата смета дека *егоистичната лишеност* се однесува на чувството на една индивидуа за компаративна депривација (лишеност), додека *Брачната лишеност*, исто така наречена групно лишување, се однесува на незадоволството кое произлегува од статусот на целата група во споредба со референтната група и истата може да го зајакне колективниот идентитет на групата.

Употребата на теоријата на релативна депривација од страна на социолозите служи за да го објаснат потеклото на социјалните движења, кои пак се последица на намерни, доброволни напори за организирање на поединци кои дејствуваат инструирано, а со цел да постигнат групно влијание и да направат или да ги блокираат промените. Социјалните движења се групи ориентирани кон моќ, а не движења ориентирани кон учество, а тоа значи дека групните акции на социјалните движења не се нужно од примарна корист за поединечните членови, туку

служат на поголеми цели на групите. Координирани групни акции се преземаат за да се направат промени во поголемиот социо-политички контекст. Социјалните движења најчесто се најуспешни во отворените, демократски општества во кои општествената мобилност и општествените промени се прифатени концепти.

### 3.2.3. Теорија за мобилизација на ресурси

Теоријата за мобилизација на ресурси, социолозите ја користат за да ги објаснат карактерите и резултатите на социјалните движења. Разбирањето на принципите, примените и предностите и слабостите на теоријата за мобилизација на ресурси е од витално значење за сите оние кои се заинтересирани за социологијата на социјалните движења.

Теоријата за мобилизација на ресурси на социјалните движења смета дека социјалното движење произлегува од долгорочните промени во организацијата на групата, достапните ресурси и можностите за групна акција.

Според Симон И. Флин, ко-авторка во *Социолошкиот референтен водич: Теории на социјалните движења* (САЛЕМ ПРЕСС 2011), а која го превзема од Крег Џенкинс, теоријата за мобилизација на ресурси има пет главни принципи:

1) *Активностите на членовите и учесниците на социјалното движење се рационални.*
2) *Активностите на социјалното движење се под силно влијание на институционализираните дебаланси на моќта и конфликтите на интереси.*
3) *Овие нерамнотежи на моќ и конфликт на интереси се доволни за да се генерираат поплаки кои водат кон мобилизација на намерата на социјалното движење за промена на распределбата на ресурсите и организацијата.*
4) *Централизирани и формално структурирани социјални движења поефикасно ги мобилизираат ресурсите и постигаат целите на промена од децентрализираните и неформални социјални движења.*
5) *Успехот на социјалните движења е под силно влијание на групната стратегија и политичката клима.* (САЛЕМ ПРЕСС 2011 : 112)

Теоријата за мобилизација на ресурсите на социјалните движења се употребува да го објасни развојот на социјалните движења од 50-тите години на минатиот век, кој се движи од класичните социјални движења карактеристични по локално раководство, волонтерски персонал, колективни акции, големо членство и ресурси донирани од директни корисници, па се до професионални социјални движења, карактеристични по видливото професионално

управување, вработен персонал, неформално членство, ресурси донирани од надворешни извори и акции кои го претставуваат движењето, но не бараат вклучување во членството. Оваа теорија објаснува како социјалното движење за да ги постигне планираните цели врши мобилизација на надворешните и внатрешните ресурси. Понатаму, оваа теорија ги испитува структурните фактори во кои влегуваат расположливите ресурси на групата и позицијата на членовите на групите во социо-политичките мрежи, а кои пак помагаат во анализата на карактерот и успехот на социјалните движења.

Некои од проучувачите на теоријата за мобилизација на ресурси, што припаѓаат на социо-психолошкиот правец на анализа на социјалните движења, како на пример Берт Кландерманс, сметаат дека учеството во социјалните движења е рационално однесување, засновано на заклучоците на поединецот за трошоците и придобивките од учеството, наместо оние родени од психолошка предиспозиција кон маргиналност и незадоволство.

### 3.2.4. Теорија на структурна деформација (истегнување)

Теоријата на структурна деформација тврди дека структурите во општеството можат да промовираат девијација и криминал. Социолозите и криминолозите ја користат теоријата за структурни деформации за да го анализираат и да го предвидат девијантното однесување. За да се измери силата која го дефинира истегнувањето (структурната деформација), социолозите ги користат индивидуалните и групните очекувања, но и комбинација на приходи, образование и вработување (ангажман за остварување на средствата за егзистенција).

Теоријата на структурна деформација се однесува на идејата дека општествените структури вршат притисок врз поединците да се вклучат во девијантно и криминално однесување. Оваа теоријата е дел од правецот кој ги третира Теориите на притисок и таа претставува структурно-функционално објаснување на девијантните однесувања и криминалитетот. Концептот на деформација се однесува на притисокот врз пониските економски класи за да се вклучат во сите сегменти кои помагаат да се постигнат целите на општеството за монетарниот успех.

Структурната теорија за деформација ја третираат и проучуваат пет главни автори, кои преку анализа на Диркемовата теорија за аномијата развиле верзии на теоријата на структурни деформации што ги користат социолозите, психолозите и криминолозите. Тие автори се Роберт Мертон, Алберт Коен, Ричард Клоуард, Лојд Олин и Роберт Агњев.

### 3.2.5. Теорија на додадена вредност

Теоријата на додадена вредност се потпира на ставот дека специфична комбинација на детерминанти ги промовира и овозможува колективните постапки и однесувања, односно дека рзвојот на социјалните движења во голема мерка зависат од одредени општествени услови. Детерминантите на колективното однесување формираат процес на додадена вредност.

Социолозите ја користат теоријата на додадена вредност при анализа на потеклото на социјалните движења во време на големи општествени промени. Оваа теорија претставува суштинска основа за сите оние кои се заинтересирани за проучување на социологијата на колективниот идентитет и социјалните движења.

Теоријата утврдува дали ќе се случи колективно однесување или не. Теоријата тврди дека вредностите, проследени со норми, улоги и институции се најважниот фактор кој влијае врз социјалното однесување и колективното дејствување. Колективното однесување бара логичен и предвидлив ред на детерминантите; конкретно, теоријата тврди дека шест општествени услови или „детерминанти“ се потребни за развој на социјалното движење: структурна погодност, структурален напор, генерализирани верувања, наталожени фактори, мобилизација на учесниците и општествена контрола.

Процесите на додадена вредност кои потекнуваат од областа на економската теорија се однесуваат на процеси во кои се создава дополнителна вредност во одредена фаза на развој или производство.

> „*Социолозите ја користат теоријата на додадена вредност за да го објаснат потеклото на социјалните движења. Социјалните движења се однесуваат на намерно доброволно организирање на поединци кои дејствуваат заедно за да ги направат или да ги блокираат промените. Социјалните движења имаат тенденција да бидат групи ориентирани кон моќ, наместо движења ориентирани кон учество. Оваа разлика значи дека групните акции на социјалните движења не се нужно од примарна корист за поединечните членови, туку служат на поголемите цели на групите. Координирани групни акции се преземаат за да се направат промени во поголемиот социо-политички контекст. Социјалните движења најчесто се најуспешни во отворените, демократски општества во кои општествената мобилност и социјалните промени се прифатени концепти (Morrison, 1971)*“. (САЛЕМ ПРЕСС 2011:139)

### 3.2.6. Теорија на врамување

Теоријата на врамување кај социјалните движења се обидува да го разбере начинот на кој социјалните движења и актерите на социјалното движење создаваат и користат значење или како ги врамуваат настаните и идеите што ги опкружуваат во даден момент. Процесите на врамување на идеите и настаните, придружени од мобилизацијата на ресурсите и процесите на политичките можности, се земаат како централна динамика при проучувањето на карактерот и развојот на социјалните движења.

Идејата за рамковна анализа потекнува од делото на Ирвинг Гофман (Frame Analysis: An Essay on the Organization of Experience, 1974), во кое тој тврди дека луѓето врамуваат искуства со цел да го организираат и разберат светот околу нив. Принципот на врамување (рамковната анализа) е сличен со принципот на кој рамката за слики го фокусира вниманието кон едни работи, а ги исклучува другите. Врамувањето им помага на луѓето да го толкуваат светот врз основа на нивната социјална положба и нивните претходни искуства. Секоја општествена интеракција, која се јавува, се разгледува преку референтна рамка во која луѓето реагираат врз основа на нивната перцепција за ситуацијата и начинот на кој ги перцепираат луѓето со кои тие комуницираат.

Во проучувањето на социјалните движења, колективните рамки на дејствување се користат за да се соберат луѓето и да се поттикнат да дејствуваат.

> *„Организација на социјалното движење е формална група која функционира како дел од поширокото социјалното движење и тоа често обезбедува ресурси за поширокото социјалното движење. Тие распоредуваат колективни рамки на дејствување со цел да создадат збир на значења што ќе ги инспирира луѓето да дејствуваат колективно кон некоја цел.“* (САЛЕМ ПРЕСС 2011:147)

### 3.2.7. Теорија на масовно општество

Теоријата на масовното општество повикува на визија за општеството кое се карактеризира со отуѓување, отсуство на индивидуалност, аморалност, недостаток на религија, слаби врски и политичка апатија. Теоријата всушност претставува интердисциплинарна критика на колективниот идентитет која произлегува од масовната комодификација на културата и манипулацијата на масовните медиуми на општеството. Теоретичарите за масовното општество сметаат дека диктатурата и бирократијата лесно и брзо можат да манипулираат со масовните општества, што ги прави ранливи за екстремистичката политика и подемот на обесправените.

Оваа теорија се развила кон крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век како одговор на подемот на медиумската индустрија и општествено-политичките промени создадени од индустријализацијата, урбанизацијата и падот на воспоставените политички режими. Алексис де Токевил, Емил Диркем, Емил Ледерер, Хозе Ортега и Гасет, Роберт Нисбет, Хана Арент, Херберт Блумер, Вилијам Корнхаузер, Фердинанд Тенис и Карл Манхајм се главните мислители кои придонеле да се развие оваа теорија.

Раната теорија за масовно општество тврдеше дека новите урбани маси, кои се состојат од одродени и изолирани поединци, се ранливи на нови форми на демагогија и манипулација од страна на медиумите. Според подржувачите на оваа теорија медиумите ги претставуваат и промовираат најлошите проблеми на современиот свет.

Теоријата за масовно општество не беше прифатена ниту од современите научници за општеството, ниту пак од општеството во целост. Пол Лазарсфелд, поточно неговиот модел на ограничени ефекти, ја адресираше најсилната научна критика за оваа теорија, во која тој тврдеше дека медиумите за масовна комуникација не ја ослабуваат, туку ја зајакнуваат демократијата и општеството.

3.3. Дефинирање на социјалните движења

Дефинирањето на она што точно е социјалното движење навистина претставува тешка задача. Постојат неколку автори кои темелно ги третираат социјалните движења од современ аспект и кои даваат соодветни насоки за нивно сфаќање.

Дела Порта (2006) проблемот за добро дефинирање на социјалните движења го гледа во едностраниот пристап кон прашањето.

> *„Посматрајќи ги добро, може да се илустрира што за нив всушност значи "анализа на социјалните движења". Во својата истражувачка практика, повеќето луѓе кои ги проучуваат социјалните движења се фокусираат или на поединци, организации или настани, во најдобар случај обидувајќи се да ја доловат меѓусебната условеност (della Porta & Diani, 2006:13)“.*

Дела Порта и Диани (2006) објаснуваат дека општествените движења може да се восприемат како одделни општествени и политички процеси. Особено се идентификува раздвоеноста при постоењето на нивните неформални мрежи, притоа поврзувајќи ги индивидуалните и организациските актери вклучени во конфликтните односи и со другите актери, а врз основа на споделен (заеднички) колективен идентитет. Тоа ни овозможи да ги оддвоиме социјалните движења од бројните останати поврзани процеси и феномени.

Социјалните движења вклучуваат колективни акции ориентирани кон неконфликтни цели, како хуманитарната активност, коалиции за мобилизација на специфични теми или настани со инструментални намери, политички организации како партиите и традиционалните интересовни групи и репертоари на протест.

> *„Социјалното движење може да се смета за неформален сет на поединци и / или групи кои се "вклучени во конфликтни односи со јасно идентификуваните противници; се поврзани со густи неформални мрежи; [и] делат посебен колективен идентитет "(della Porta & Diani, 2006:20)*

Како еден од генералните заклучоци од делото на Тили и Вуд (2013) може да се извлече ставот дека социјалните движења претставуваат алатка за манипулација со искрените идеи и потреби на луѓето, а кои се учесници во истите.

Кристијан Фухс (Fuchs, 2006) смета дека политичкиот систем се состои од динамични процеси во кои политичките актери комуницираат на таков начин што политичките структури на моќта се трајно диференцирани, односно се појавуваат нови аспекти. Политичките структури (структури на моќ, политички институции, политички одлуки) овозможуваат и ограничуваат политички практики кои резултираат со диференцијација на политичките структури, што повторно ги условува понатамошните политички практики итн. Овој заеднички продуктивен процес на политички актери и политички структури може да се смета за динамичен процес на политичка самоорганизација.

Некои од најраните дела на социјалните движења претставуваа обиди да се разбере зошто луѓето се фатени во колективна акција или какви услови беа неопходни за поттикнување на социјалните движења. Овие дела биле вткаени во теориите на масовното општество.

“*Социјалното движење не е политичка партија или интересна група, кои се стабилни политички субјекти, имаат редовен пристап до политичка моќ и политички елити; ниту пак е масовен изглед или тренд, кои се неорганизирани, флертуваат и без цели. Наместо тоа, тие се некаде помеѓу (Фримен и Џонсон, 1999)”.* (САЛЕМ ПРЕСС, 2011:15)

Тоа што е важно е како точно да се одреди што е социјалното движење, а потоа и да се спознае како се создаваат социјалните движења? Кои се нивните предуслови во општеството? Какви се активностите на политичките елити во соодветниот период итн.

Социјалните движења, тогаш, може да се сметаат за организирани, но неформални општествени ентитети кои се ангажирани во вонинституционален конфликт кој е ориентиран кон целта. Овие цели можат да бидат насочени кон конкретна и тесна политика или да бидат пошироко насочени кон културни промени.

Најкарактеристично во создавањето на социјалните движења е постоењето на поврзана или неповрзана колективна идеја за промена, општествена промена, која ќе придонесе кон унапредување на проблематичен аспект од општествениот живот на една одредена група на луѓе.

### 3.4. Карактеристики и состав на социјалните движења

#### 3.4.1. Елементи на социјалните движења

Сидни Тароу, како надополнување на размислувањата на Тили за социјалните движења дава една прецизна дефиниција и осврт на главните рамки на својствата на социјалните движења во кои може да се вткаат сите карактеристики и елементи на социјалните движења.

Тароу (2011:31) вели: *„Наместо дефинирање на социјалните движења како изрази на екстремизам, насилство и лишување, тие се подобро дефинирани како колективни предизвици, засновани на вообичаени цели и социјални солидарности, во постојана интеракција со елитите, противниците и властите. Оваа дефиниција има четири емпириски својства: колективен предизвик, заедничка цел, социјална солидарност и одржлива интеракција.“*

И тука тој исцртува простор за темелно разгледување на елементите кои ги сочинуваат социјалните движења.

Џонатан Кристијансен (Салем Прес, 2011:67) смета дека социјалните движења може да имаат многу форми и да се справат со било кој број на прашања. И покрај тоа, научниците забележале многу сличности меѓу нив. Социјалните движења се состојат од групи на поединци кои се собираат, обично за да адресираат некоја воочена жалба. Тие може да бидат локализирани или широко распространети. Не само што учесниците во социјалното движење ги делат истите цели, тие често делат конкретен сет на разбирање на светот и акционите репертоари. Честопати голем број групи и организации сочинуваат социјални движења.

Движењето не е само овековечена толпа, бидејќи толпата не поседува организациски и мотивациски механизми способни да го одржат членството преку периоди на неактивност и чекање. Понатаму, механизмите на толпата не можат да се искористат за да се постигне комуникација и координација на активностите во широка област, како на пример нација или континент. Движењето е мешавина на организација и спонтаност. Обично постои една или повеќе организации кои даваат идентитет, водство и координација на движењето, но границите на социјалното движење никогаш не се одредени со оние на организациите.

Герлах и Хајн (Gerlach & Hine, 1970:xvi-xvii) сметаат дека нивната студија за динамиката на движењата ги навло на идентификација на пет клучни фактори кои се оперативно значајни и

за кои верувале дека мора да бидат присутни и комуницирани пред колективитет од која било големина да стане вистинско движење. Тие пет клучни фактори се:

1. Сегментирана, обично полицефална, клеточна организација составена од единки испреплетени со разни лични, структурни и идеолошки врски.

2. Регрутација лице-в-лице од страна на посветени индивидуи кои користат свои постоечки, значајни социјални односи.

3. Лична посвета изразена од учесник или искуство што издвојува нечија конверзија на значителен начин од воспоставениот ред (или неговото претходно место во него), го идентификува со нов збир на вредности и го обврзува да ги смени начините на однесување.

4. Идеологија која ги кодифицира вредностите и целите, обезбедува концептуална рамка со која сите искуства или настани во однос на овие цели може да се толкуваат, мотивира и дава образложение за предвиденит промени, ја дефинира опозицијата и претставува основа за концептуално унифицирање на сегментирана мрежа на групи.

5. Вистинска или перцепиран отпор од општеството или од тој сегмент на утврдениот ред во кој движењето се појавило.

Кристијан Фухс (2006) ги идентификува следните битни аспекти на социјалните движења:

→ Негација на доминантните вредности, институции и структури

→ Социјални промени

→ Колективна акција

→ Непријател

→ Отпор

→ Незадоволство

→ Надеж и желба за промена

→ Нова чувствителност

→ Потрага по нови идентитети, колективни значења и колективни вредности

→ Методи на протест

- → Цели
- → Екстра-парламентарна опозиција
- → Граѓанското општество
- → Јавна сфера
- → Реактивност и проактивност
- → Алтернативни политички прашања, вредности, цели
- → Протестни настани и протестни кампањи
- → Комуникациски практики и стратегии
- → Општествени проблеми и поплаки
- → Мрежи на активисти и мрежи на групи
- → Перцепција и толкување на оптествените проблеми
- → Мобилизација и демобилизација на структури
- → Морален бес
- → Активирање на протестни и политички ефекти
- → Мобилизација
- → Услови за можности и ограничувања / репресија
- → Степен на пенетрација на општеството со еднодимензионална свест и технолошка рационалност

Како главни мерливи карактеристики на социјалните движења може да се сметаат следните својства:

- ❖ Опипливост /Видливост / Манифестност
- ❖ Распространетост (Област / регион)
- ❖ Бројност
- ❖ Степен на влијанието – Каква промена предизвикало
- ❖ Квалитет на општествена промена

Опипливоста ја вклучува појавната состојба на социјалното движење и неговата видливост во општеството. Ако е видливо, тогаш промените кои ќе ги предизвика ќе може правилно да бидат адресирани и јавноста ќе може јасно да ги идентификуваат заслужните за овие промени.

Распространетоста ја оцртува територијата на кое одредено социјално движење се простира. Секое движење има за цел промена на тековните идентификувани општествени проблеми и негативни состојби на одредена територија.

Бројноста е секогаш битна карактеристика на сите нешта во општеството. Доколку движењето се однесува за општествени промени од кои бенефит ќе имаат само тесен број на луѓе, значително потешко ќе биде да се изреализираат замислените цели на конкретното социјално движење.

Степенот на влијанието на одредено социјално движење го утврдува манифестниот карактер на движењето, односно јавноста може со јасно да го идентификува степенот на општествената промена која настанала со одредено социјално движење.

На крај, квалитетот на општествената промена е битен елемент за успешноста на одредено социјално движење. Социјалното движење се мери по тоа дали успеало да предизвика општествена промена која ќе донесе позитивен или негативен развој на општествениот живот каде тоа движње било активно.

Релативната големина на програмата, идентитетот и постојаните барања значително се разликуваат меѓу социјалните движења, меѓу барателите во рамките на движењата и помеѓу фазите на движење.

Делла Порта и Диани (2006:41) ги анализираат следните елементи на социјалните движења:

- Структуралната основа на современите движења – Кои се, што се, колку се, зошто се.
- Симболичката продукција: Како културната елаборација го овозможува дефинирањето на општествените проблеми, како производ на асиметриите на моќта и конфликтот на интереси, и идентификација на причинителите во општествените и политичките фактори кои се предмет на човечката интервенција. Тие прикажуваат како создавањето и зајакнувањето на симболите претставува основа за развој на чувство на идентитет и солидарност, без кои колективната акција не се случува.
- Организационите фактори кои дозволуваат и продукција на значења и мобилизација на ресурсите неопходни за акција.Земени се предвид како неформалното вмрежување така и повеќе структуралните компоненти на организационата димензија.

- ❖ Анализа на индивидуалното учеството. Кои механизми стојат зад одлуката на индивидуата да се ангажира во колективната акција и да остане посветена на истата во одреден период
- ❖ Карактеристики на организацијата на движењето - Внатрешни и надворешни, а кои влијаат врз прифаќањето на одредени организациони модели и последиците што следат со мобилизацијата.

Тили и Вуд (2013) сметаат дека учесниците во движењата прават концертни јавни претстави на нивната вредност, единство, бројност и посветеност на дел од сопството и/или неговите делови. Така на пример (WUNC приказот) ги сочинува следните елементи:

- **Вредност**: трезвено однесување; уредна облека; присуство на свештеници, достоинственици, мајки со деца или, алтернативно, знаци на милитантност како што се носење на воени униформи или носење алатки за трговија
- **Единство**: приказ на беџови, ленти, банери или костими; маршираат во редови; пеење и пеење; симболи на солидарност како боја на потпис
- **Бројност**: бројна состојба, потписи на петиции, пораки од основачи, исполнување на улиците
- **Посветеност**: истрајност во лошото време; видливо учество на старите и лицата со посебни потреби; отпорност на репресија; извонредна жртва, претплата и / или корист

Потребно е да се следи потеклото и трансформациите на клучните елементи на социјалните движења: кампањи, репертоари и WUNC приказот. Социјалните движења комбинираат 3 типа на тврдења: програма, идентитет и репутација. Релативите барања на програмата, идентитетот и барањата на репутација варираат значително помеѓу социјалните движења, барателите во самото движење, и помеѓу фазите на движењата.

### 3.4.2.Социјалните движења и општествени промени

Општествените промени се однесуваат на квалитативните промени во структурата и функционирањето на општеството, а кои му помагаат за подобро да ги реализира своите цели и задачи. Социјалното движење секогаш вклучува општествена промена. Ако нема промена, или промената не е цел на движењето, тогаш автоматски се поставува прашањето за причината на постоење на социјалното движење, а со тоа и успехот на истото.

Сите дефиниции за социјално движење ја одразуваат идејата дека социјалните движења се суштински поврзани со општествените промени. Тие не ги опфаќаат активностите на луѓето како членови на стабилни општествени групи со воспоставени, неоспорни структури, норми и вредности. Однесувањето на членовите на социјалните движења не ја одразува претпоставката дека општествениот поредок ќе продолжи во суштина онака како што е. Наместо тоа, истото ја одразува верата на луѓето дека колективно може да донесат или да спречат општествени промени доколку се посветат на потрагата по некоја конкретна цел. Незасегнатите набљудувачи може да ги сметаат овие цели како илузии, но на членовите им се чини дека истите се возможни да бидат реализирани.

### 3.4.3.Членството

Дон-Кихотските напори на храбри, имагинативни поединци не претставуваат социјални движења. Социјалното  движење е колективност или колективно претпријатие. Поединечниот член чувствува потреба за членство во сојуз со луѓе кои го делат своето незадоволство од сегашната состојба и неговата визија за подобар ред. Како група, социјалното движење е колектив со заедничка цел и заеднички вредности.

Чувството за членство сугерира дека поединецот е предмет на некоја дисциплина, припаѓа некаде, поседува заеднички вредности. Покрај заедничките вредности, социјалното движење поседува норми, кои го пропишуваат однесувањето што ја симболизира лојалноста на членот на социјалното движење, ја зацврстува својата посветеност кон тоа и ќе го разликува од лицата кои не се членови. Нормите забрануваат однесување кое може да предизвика срам за движењето или да создаде изговори за напади од страна на противниците. Посветеноста се зајакнува со учество во групни активности реализирани заедно со другите членови и со ангажирање во акции, индивидуални или колективни, а кои јавно го дефинираат поединецот како посветен член.

Социјалното движење исто така дава насоки за тоа како треба да размислуваат членовите. Нормите од ваков вид претставуваат нешто што личи на „партиска линија“ - дефинирање на „правилната“ позиција што членовите треба да ја застапуваат во врска со конкретни прашања. Постои суптилен притисок врз поединецот да се конформира и да застапува одредена позиција за конкретни прашања во согласност со движењето, дури и без лично познавање на аргументите за тоа. Од членовите не може да се очекува да учат и да размислуваат низ филозофијата што го оправдува движењето и неговите вредности. Идеологијата на членот му обезбедува готов, авторитативен сет на аргументи кој треба да ги употреби во своето размислување и делување.

Социјалното движење е обично големо, но, како и траењето, големината на социјалното движење е само релативна. Некои социјални движења, кои траат неколку децении, можат да пријават стотици илјади членови. Некои движења се одвиваат во границите на одредена секундарна група, како религиозно здружение или локална заедница, и може да вклучи само неколку десетина или стотина членови.

Невозможно е точно да се утврди точната големина на социјалното движење, во смисол на бројност, затоа што членството не е формално дефинирано. Всушност, една од главните карактеристики на социјалното движење е полуобработниот карактер на неговата структура. Таа нема доволно развиена, формална структура на стабилна асоцијација, како клуб, корпорација или политичка партија. Лидерите во движењето немаат авторитет во смисла на легитимизирана моќ, а членовите не се формално примени. Неформалниот, неконвенционалниот квалитет на членството и отсуството на формални постапки за донесување одлуки ставаат посебен акцент на верата и лојалноста на членовите.

Иако не сите членови ги имаат овие карактеристики, сепак идеалниот член обично нуди целосна и несебична лојалност кон движењето. Бидејќи нма законска обврска да стане член на социјалното движење, или пак да се конформира со нормите на движењето или да станат членови, посветеноста на движењето и неговите вредности станува еден од најважните извори на контрола. Длабоко посветен член, прифаќајќи ги некритично одлуките и наредбите донесени од лидерите, жртвувајќи се себе си, своето семејство и пријателите, ако тоа е потребно, од надворешни лица веројатно ќе бидат сметани за фанатици. Некои автори кои го обработуваат прашањето на социјалните движења, особено оние чија анализа има психоаналитичка ориентација, сугерираат дека фанатизмот на посветени членови резултира од индивидуални психопатолошки состојби. Алтернативно објаснување е дека социјалното движење станува референтна група која на членот му дава нов и девијантен поглед на општествената реалност.

### 3.4.4.Наратив и социјалните движења

Џонатан Кристијансен (Салем Пресс 2011) го внесува Наративот како аспект на социјалните движења кој го овоможува современиот пристап во разбирање на успешноста на социјалните движења. Тој вели дека сите, па и учесниците во социјалните движења сакаат добра приказна.

> *„Како и секоја опшестевена институција, приказни се присутни во и за социјалните движења, како и нивните учесници. Иако приказните може честопати да изгледаат како секојдневни или безначајни, тие често се проткаени со подлабоко значење и поинаку се толкуваат, во зависност од*

*ситуацијата во која се раскажани, или на кого се раскажани. Активистите во социјалните движења сакаат да раскажуваат приказни, без разлика дали пред други активисти, на потенцијални сојузници или на јавноста“.* (САЛЕМ ПРЕСС 2011:3)

Она што е важно е да се разбере односот помеѓу наративот и социјалните движења, како и да се воочи вистинската негова улога во секое движење. Наративот опфаќа повеќе елементи кои пак се исто дел од општественото милје во кое се појавуваат социјалните движења. Тие го помагаат, засилуваат и често му даваат дополнителна смисла на самото социјално движење.

Наративот често се однесува не само на приказни, туку и на начинот на кој се раскажува приказната, вклучувајќи ги и уредите што се користат за раскажување на истата. Уредот за раскажување приказни го опфаќа начинот на кој јазикот, сликите и сл. се користат при раскажување на приказна.

### 3.4.5.Животен циклус и фази на социјалните движења

Динамиката на социјалните движења е значаен елемент кој исто помага да се постават рамките на дефиниција на социјалните движења.

Како релативно долготрајна, одржлива колективност, социјалното движење се соочува со значителни промени за време на своето постоење. Оваа карактеристика доведе некои научници да формулираат теорија за "животниот циклус" или "природна историја", заедничка за сите социјални движења. Други научници ја доведуваат во прашање вредноста на пристапот на животниот циклус кон социјалните движења, тврдејќи дека емпириските студии на бројни движења не го поддржуваат поимот инваријантни фази на развој.

Идејата за животниот циклус на социјалните движења дозволува откривање на услови кои мора да бидат присутни доколку движењето треба да продолжи од една фаза во друга. Исто така, може да помогне да се идентификуваат условите кои предизвикуваат движење да ја менува насоката.

При проучување на социјалните движења Блумер идентификувал четири фази на животен циклус на социјалните движења: "социјално ферментирање", "народна возбуда", "формализација" и "институционализација" (De la Porta & Diani 2006:150). Но овие 4 фази подоцна биле преименувани од научници (Кристијансен во Салем Пресс, 2011) кои го испитувале феноменот на социјалните движења, во следните четири етапни фази на животен циклус на движењата:

- Појава
- Сплотување (спојување)
- Бирократизација (јас=институционализација)
- Пад

Всушност, фазите на движењето се: Создавање, Организација и раст, Активност и затворање/гасење на движењето.

Природата на нештата, не само во природниот свет, туку и во општествената средина искуствено покажува дека сите нешта што се појавиле поминуваат низ 3 фази: **Раѓање - Живот – Смрт**. Само општествените феномени имаат и една друга димензија која не е позната за природата: инстиуционализација / бирократизација. Така,

3.5. Анализа на случај

Тили и Вуд, со помош на социјалното движење во Египет во 2011 година ни ги елаборираат елементите што условиле појава, развој и гасење на социјалното движење кое наметна релативно коренити промени во локалното општество, а беше иницијатор за понатамошна демократизација на цел еден дел од континент.

Движењето се создало и покрај недостаток на граѓанска слобода и политички слободи. Со многу локални маршеви, протести, кампови на протестирачи и штрајкови кои јасно дека припаѓаат на репертоарот на меѓународни социјални движења, формирале дел од одржлива кампања за да влијаат врз властите, изработиле програма, идентитет и барања и вклучувале повторувачки прикази од WUNC.

Потоа, египетската борба прикажува дека социјалните движења се појавуваат во држави што се социјалнно и географски сегментирани. Поголемиот дел на учесниците во про-демократските протести низ регионот се млади луѓе, често едуцирани, кои имаат потешкотии во наоѓање работа. Географијата е исто битна: повеќето од продемократските протестанти живееле во растечките урбани центри на Египет.

Економските врски, меѓународните НВО и имигрантските врски на Египет со Тунис, САД, Газа, Англија и пошироко. Блогерите пренесувале вести од протестите онлајн, од каде меѓународните медиуми ги преземале сториите. Меѓународната медиумска покриеност (стимулирана делумно со електронска комуникација) значи дека Египетските активисти имале избор да реагираат на локалната и светска сцена симултано.

Распространетата употреба на мобилните телефони и интернет, твитер и блогирањето, односно на таканаречените „Социјални медиуми“, битно влијае врз новите движења. Во Египет загрижените граѓани биле способни да се мобилизираат без формирање на поврзани организации и биле способни да комуницираат преку приватни мрежи. Како резултат на технологијата, нивната мобилизација била широка, и помалку предвидлива, што не оставило простор кај властите да реагираат навремено и правовремено.

Локалната култура и државата се сеуште важни. Египетската толпа се формирала побрзо и во поголеми броеви отколку порано, како резултат на ефтини, брзи комуникации кои се одвивале преку интернет.

Политичарите спротивставени на режимот го мобилизирале присутното незадоволство. Текстуални пораки, фејсбук корисници, блогери и твитерџии го засилиле незадоволството и ја дисеминирале пораката до набљудувачите на настаните. Економската криза, во комбинација со убиство на полицаец го обезбедило контекстот. Овие фактори, заедно со политичките активности кои претходеле на анлизираниот случај со Египет во отфрлање на лидерите на Тунис, сигнализираше политичка можност за акција, а меѓународните врски го обезбедија дискурсот на „говор за правата и демократијата“, како начин на правење тврдења (барања). Како резултат на создадените маршови и демонстрации и без големи фанфари социјалните движења стануваат широко достапни низ регионот како начин на притисок на популарните барања (claims).

Анализата на египетската революција во 2011, од социолошки аспект, релевантен за настанок и развој на социјалното движење кое потпомогна да се направи промена во политичкиот живот на Египет кој траеше 30 години со Хосни Мубарак и уште скоро 30 со други политичари (по падот на кралот на Египет и превратот во 1952 година), е темелно обработена од Мануел Кастелс во делото *The social movements reader : cases and concepts* (2015). Во ова дело на Кастелс доминра социолошкиот и историскиот пристап во анализата на причините за создавање на социјалното движење, неговата внатрешна и надворешна организација, соработката со странските организации и други движења, употребата на медиумите во развојот и активностите на движењето и посебно интернет технологијата во зајакнување на движењето.

### 3.6. Типологија на социјалните движења

Знаеме дека социјалните движења може да се појават на локално, национално или дури и глобално ниво. Но постојат и други пристапи или класификации кои можат да ни помогнат да ги разбереме социјалните движења.

Симоне Фин (САЛЕМ ПРЕСС, 2011:26) го анализира Социологот Дејвид Аберле (1966) кој се осврнува на ова прашање за класификација на социјалните движења преку развивање на категории што истите ги разликуваат врз основа на она што членовите сакаат да го променат и колку промени сакаат:

- **Трансформативни движења**, какви што се радикалните политички групи, работат на целосно структурно ниво на промена. Тие можат да учествуваат во насилна акција за да постигнат промена и може да предвидат доаѓање на некаква катаклизмична промена.
- **Реформативните** движења настојуваат да создадат делумна општествена промена со цел решавање на неправдите и нееднаквостите. Реформативните движења се стремат кон цел да се поттикнат и промовираат позитивни промени и да се постигне праведен социјален поредок.
- **Искупувачките** движења бараат целосна промена кај индивидуата. (пример движењето на Анонимен алкохоличар)
- **Алтернативните движења** работат кон делумна промена кај индивидуата. Тие не работат на промена на постојниот општествен и политички систем. Наместо тоа, алтернативните движења се стремат кон развој на паралелен начин на живот кој е еколошки и духовно одржлив.

Не постои единствена, стандардна типологија на социјалните движења. Бидејќи разни научници се фокусираат на различни аспекти на движењата, затоа и низ литературата се појавуваат различни шеми на класификација. Оттука секое социјалното движење може да се опише во смисла на неколку димензии (карактеристики), односно нема стандардизирани параметри според кои ќе се класифицираат социјалните движења.

Многу обиди за категоризација посветиле директно внимание на целта на движењето. Социјалната институција во или преку која треба да се донесат општествени промени, обезбедува една основа за категоризација на социјалните движења како политички, верски, економски, образовни и слично. Може да се тврди дека сите движења имаат тенденција да бидат или политички или морално-религиски, во зависност од тоа дали нивната стратегија има за цел да ги менува политичките структури или моралните вредности на поединците.

Најчесто користена, но многу субјективна разлика е меѓу „реформските" и „револуционерните" движења. Таквата разлика подразбира дека реформското движење се залага за промена која ќе ги зачува постојните вредности, но ќе обезбеди подобрени средства за нивно спроведување. Револуционерното движење, од друга страна, се смета за застапување за

замена на постојните вредности. Сепак, речиси секогаш, членовите на таканареченото револуционерно движење инсистираат на тоа дека тие ги ценат вистинските вредности на општеството и дека противниците го дефинираат движењето како револуционерно и субверзивно на основните, традиционални вредности.

Некои обиди да се карактеризираат движењата ги опфаќаат насоката и застапеноста на промената. Придавки како што се радикални, реакционерни, умерени, либерални и конзервативни често се користат за такви цели. Во овој контекст, нaзивите „револуционерна" и „реформа" често се користат во поинаква смисла од она што е опишано погоре, со импликација дека револуционерното движење се залага за брзи, прецизни промени додека движењето за реформи функционира за бавни, еволутивни промени.

Некои автори како Килиан и Тарнер (Collective Behaviour, 1972) застапуваат типологија која е направена врз основа на насоката на промената која се промовира или се спротивставува. Реакционерното движење се стреми кон враќање на претходната општествена состојба, додека прогресивното движење бара нов социјален аранжман. Конзервативното движење се противи на промените предложени од други движења, или оние кои се чини дека се развиваат преку културен наплив и се залага за зачувување на постоечките вредности и норми.

Тарнер и Килијан (1972) тврдат дека е корисно од време на време да ги категоризираат социјалните движења врз основа на нивната јавна дефиниција, карактерот на опозицијата, и начинот на дејствување на движењето. Овој пристап е создаден за да ја елиминира субјективната евалуација на целите својствени за такви категории како реформа и револуција. Движењето кое се смета дека не ги загрозува вредностите или интересите на кој било значаен сегмент од општеството, јавно се дефинира како респектабилно.

Респективното фракционо движење мора да се соочи со конкурентните движења кои се залагаат за истата општа цел, но исто така имаат пристап до легитимни средства за продолжување на своето влијание. Движење кое се чини дека ги загрозува вредностите на моќни и значајни интересовни групи во општеството е јавно дефинирано како револуционерно и се соочува со насилна супресија. Како резултат на тоа, пристапот до легитимни средства за промовирање на неговата програма се одбива. Друг вид на движење е дефиниран како ниту почитлив ниту опасен, но како чуден тип; овој тип, кој се смета за чуден, но безопасен, се соочува со потсмев и има ограничен пристап до легитимни средства.

Социјалните движења, исто така, може да се категоризираат врз основа на општиот карактер на нивната стратегија и тактика; на пример, дали се легитимни или не. Популарната разлика помеѓу радикалните и умерените движења го одразува овој вид на категоризација. Очигледна разлика помеѓу видовите движења зависи од нивната зависност од насилни или ненасилни тактики. Но, ненасилното движење, исто така, може да се дефинира како

револуционерно или радикално, бидејќи прифаќа граѓанска непослушност, а не правни или парламентарни маневри, како главна карактеристика на нејзината стратегија. Треба да се додаде дека разликата помеѓу насилните и ненасилните движења е релативна бидејќи движењето може брзо да се префрли од еден во друг како што се развива.

## 3.7. Современи социјални движења

Социјалните движења се движечка сила на секое општество и водат кон општествени промени. Социјалните движења ги сочинуваат група луѓе кои што можат, но не мора да имаат елементи на организираност. Движењата често настануваат спонтано и истите можат да бидат затворен или отворен тип, односно, затворена или лабава организација, со постојано или привремено раководство и со постојано или привремено членство.

Иако комплексноста и демократизацијата на современото живеење, проследено со интензивна употреба на интернет и мобилна технологија, го стимулира разновидниот состав на современите социјални движења, сепак некои од движењата се поголеми и посилни, во однос на други.

### 3.7.1.Женски, феминистички движења

Еманципацијата на жената и борбата за нејзините елементарни права има своја долга историја. Движењата за правата на жената имаат за цел да укажат за состојбата во која се наоѓа жената денес или да ја унапредат нејзината улога во семејството, во сферата на економијата, во образованието, во слободата на изборот на брачниот другар и во општеството, воопшто. Феминистичките движења се спротиставуваат на застарените модели на однесување во кои жената има патријахална улога во семејството и во општеството.

Голем број на теоретичари кои се занимаваат со феминистичките движења сметаат дека постојат 3 концепции и практични манифестации на тие движења. Првата концепција се базира врз антипатријархалната насоченост за позицијата на жената. Овој тип на движење ги отфрла културните обрасци за класичната женска улога во општеството. Вториот тип на движења ја застапувале антикапиталистичката позиција исо својата активност се противставувале на експлоатацијата на жената како работна сила. Третиот тип на движења ја застапуваат авторитативната позиција на жената и се залагаат за целосна рамноправност на жената во вршење на сите општествени функции.

Резултатот од феминистичките движења до денес се:

- активно право на глас на жените во сите развиени земји,
- рамноправност на жената во сите облици на законодавство,
- рамноправност со мажите во сферата на трудот и работните односи.

Иако се очекуваше да се поддржат низ целиот свет и понатаму да се развиваат современите феминистички движења, некако се чини дека тие го губат здивот во налет на зголемените нови видови на движења опишани подолу, но и поддршката од на интензивна употреба на интернет и екрански технологии.

Вест и Блумберг сметаат дека „*четирите видови на прашања што ги привлекоа жените во арената на протестот историски и низ целиот свет се: (1) оние директно поврзани со економскиот опстанок; (2) оние поврзани со националистичките и расните / етничките борби; (3) оние кои се однесуваат на широко хуманистички / проблеми со грижата и (4) оние кои се идентификувани во различни епохи како прашања „за правата на жените“.*“ (West и Blumberg, 1990:13)

### 3.7.2.Еколошки движења

Индустрискиот подем во современиот свет се повеќе ја доведува во опасност човековата средина, и со тоа и неговиот биолошки опстанок. Со развојот на технологијата и масовната експлоатација на природните богатства, човекот ја нарушуваеколошката рамнотежа, и со самото тоа ја загрозува и сопствената егизтенција. Еколошките проблеми станале предмет на интересирање и се дошло до сознание дека човештвото е во сериозна еколошка криза, која, ако не се запре, може да доведе до катастрофа и уништување на животот на Земјата.

Истражувачите наведуваат дека сосотојбата е алармантна. Прво, прашањето за населеноста на Земјата; второ, искористување и големото намалување на природните извори на суровини и енергија на Земјата; и трето, современата технологија и индустрија ја зголемуваат загрозеноста на човечката природна околина.

Еколошките движења ги сметаат и за алтернативни социјални движења, и тоа не само заради мотивите на ницното создавање и основните цели, туку и заради своите ставови за многу други поврзани значајни општествени прашања. Овие прашања го критикуваат постојниот поредок, се залагаат за централизицаија на општеството, се противаат на секое вооружување (посебно на нуклеарното), бараат коренити проблеми во политиките на домување, образование, здравството итн.

Учесниците на еколошките движења постојано алармираат за состојбата во природата и за опасноста од влијанијата на индустријата и човековата негрижа за природата и нејзиниот опстанок. Во некои земји како Германија (Партија на зелените), еколошките движења претставуваат вистинска политичка сила преточена во вид на политичка партија. Зелените, како што обично се наречени политичите партии чија основна цел е заштита на природата и човековата средина, се во постојан пораст и во други држави во Европа, а во светот се повеќе политичките партии ги пополнуваат своите програми со проекти за заштита на животната и природната средина.

### 3.7.3.Мировни движења (Движења за разоружување и антинуклеарни движења)

Антинуклеарните движења произлегуваат од еколошките движења, а кулминација доживуваат во 80те години на XX век, кога бранови антивоени демонстрации ги препловуваат улиците и плоштадите на најголемите градови во Западна Европа и во САД. Основна цел им е барање за забрана на нуклеарното вооружување. Владите на големите нуклеарни сили под притисок на јавноста поведоа процес за нуклеарно разоружување.

### 3.7.4.Движења за човекови прави и социјална правда

Движењата за човекови права и социјална правда опфаќаат широк спектар на социјални движења кои се борат против загрозеност на основните човекови права и неправди. Иако е ова прешироко дефиниција за овој тип на социјални движења сепак тука спаѓаат движењата за права на ЛГБТ заедницата, но и нарушување на политичките и личните права на поединици и групи кои се востановени и во светот признати како такви, но државата не превземала мерка за нивна заштита, односно се обидува да ги укине (примерот со тековното масовно социјално движење во Хонг Конг против законот за екстрадиција).

### 3.7.5.Работнички движења

Иако ова движење има долга историја на постоење сепак, работничките движења се всушност социјални движења кои ги имаат сите карактеристики за кои е разговарано погоре.

Работничките движења се појавуваат во две манифестни форми. Од една страна стојат политичката партија, но и другите политички институции во кои идејата за унапредување на правата на работниците се од витално значење за правилно функционуирање на државата и општеството, и тие обично се декларирани или етикетирани како социјалистички, односно

лабуристички. На другата страна стојат синдикалните движења кои претставуваат битен фактор во остварување на правата на работниците и кои немаат за цел промена на политичкиот систем како првите, туку во рамките на капиталистичката општествена форма да се постигнат праведни и достојни услови за работа и плата на работниците.

Овие две форми на манифестација на работничките движења се најчестиот облик преку кој се остваруваат работничките права. Но, работничките движења може да се појават и во основна, изворна и примарна форма на социјални движења во земји кои се сметаат за неразвиени и каде политичкиот систем не овозможува реализација на човековите права и слободи на своите граѓани по легален пат.

### 3.7.6. Етнички и националистички движења

Националистичките движења се социјални движења што поставуваат барања за територијален суверенитет врз основа на одредено легитимно право кое е стекнато или наследено. Нивната цел е управување со одредена географска област.

Барањата на националистичките движења се разликуваат од барањата за регионална автономија или посебен статус во рамките на федерацијата (честопати вклучуваат јазични права), до целосна разделување од мултинационални држави, режими или империи. Тие може, но и не мора да се засноваат на етничка или расна специфика. Честопати изразуваат територијални претензии засновани врз реални или претпоставени историски факти, кои вклучуваат етничка, регионална или расна дискриминација или виктимизација.

Алтернативно, националистичките движења можат да бараат суверени права со повикување на други видови идентитети, засновани врз религиозни идентитети, како во случајот на националистичкиот исламски движења. Други форми на националистички движењата може да изразат барања засновани на присилно раселување и дислокација од нивната историска татковина, како на пример, некои движења во дијаспората.

Членовите на националистичките движења можат да делат територија што лежи под друга јурисдикција (на пример, Каталонија), или може да се дисперзира низ повеќе региони во светот (на пример, пан-исламски национализам).

И на крај, може да постои вид на националистичко движење кое има за цел зајакнување на нацијата или за нејзино градење, во кои единствениот идентитет (честопати етнички по карактер) се фалсификува и е составен од многу различни, помали идентитети.

Често, националистичките движења имаат за цел зачувување на сопствениот идентитет кој се разликува од оној на имигрантите и кој е под силен притисок на новите културни

модалитети и вредности што имигрантите ги донеле со себе. Таквите антимигрантски и националистички политички партии, проследени со напади на странците се во значителен пораст не само во Западна Европа, туку и во другите земји на Европа, па и западната цивилизаицја.

### 3.7.7.Религиозни движења

Религиозните движења не се феномен кој е карактеристичен за современиот свет. Религиозните движења се појавуваат во минатото и се главна карактеристика на релативно хетерогената, но затворена група на популарни религии што доминираат во современиот свет.

Христијанството, за пример, во самите почетоци започнало како движење, како протест кон постојните религии кои не нуделе почит и љубов, ред и фер поредок за сите луѓе (подоцна слични постулати ќе постави и Исламот), туку само уништување и жртвување. Понатаму, незадоволството од развојот на религиската практика изродило раздвојување (преполовување) на христијанството на Католицизам и Православие, за подоцна протестот кон истите тие религиски практики во вид на социјални религиски движења да прерасне во одвојување и создавање нови религиски под-правци. Слично и кај Исламот.

Религиските култови се социјален феномен чие создавање и развој е често условено од тековната општествена состојба, и чија експанзија се должи на примена на сите елементи на социјалните движења. Разликата се состои во тоа што култовите често згаснуваат или насилно (автодеструктувно), или со намалување на членството кое е незадоволно од насоката и степенот на задоволство при остварување на целите заради кои тие се придружиле на некој култ. Оние што успеваат да опстојат,

Фундаменталистичките религиски движења се битен елемент кој го карактеризира современиот свет, иако траги од таквите движења се забележани кај Христијанството, Исламот и Јудеизмот. Прикриените фундаменталистички движења, иако потешко, се регистрирани низ историјата и се составен дел од развојот на трите јудео-христијански религии (Јудеизмот, Исламот и Христијанството).

Денешните фунаменталистички религиски движења предизвикуваат значителен хаос на територииите каде тие се појавуваат, често агресивно напаѓајќи ги сите различности во обид да ги искоренат истите и да наметнат слепа верба на населението во проповеданото. Тие ги користат неформалните мрежи не само да привлечат што е можно повеќе следбеници, туку и за заробување на повисоки организациони форми, како на пример државите (Ирак, Авганистан, Египет за кратко, Либија, Сомалија итн). Од движење за популаризација на религиските конзервативни ставови, се претвора во милитаристички инструмент за терор на локалното население.

Не далеку од ова стои и ортодоксните јудејско движење кое внесува голем хаос во односот на државата Израел со Палестинците, но и другите арапските држави во регионот. Во насока на освојување на територии, ова движење промовира радикален пристап во окупирање на земјиште која е сопственост на не-евреи, а самата држава го поддржува овој пристап.

Фундаменталистичките движења овозможуваат материјал за проучување на кој начин неформалните мрежи се трансформираат во поголеми политички формации, односно од движења за социјално присуство и промена, стануваат политички фактор на промена кој темелно ги менува општествата и државите каде тоа го регистрира своето присуство.

## 4. Културни движења

Културно движење имплицира промена во сите форми на уметноста, културата, науките и филозофијата. Промените предизвикани во некои од овие домени обично предизвикуваат некаква институционална промена, која не секогаш може да биде јасно издвоена и видлива.

Кога се зборува за социјални движења политичката моќ и структурата се обично централна точка околу која се врши мобилизаицијата на ресурси, додека културните движења повеќе се вртат околу идеите и идентитетите.

Џонстон (Johnstone, 2014) во своето дело дава соодветен приказ на разликата меѓу културните и социјалните движења. Тој наведува дека романтизмот беше широк интелектуален, литературен и уметнички тренд на деветнаесеттиот век со широки сфаќања во општествената мисла и „висока култура“ од тој период - музика, поезија и визуелни уметности. *„Подигајќи како интелектуална реакција на промените направени од индустриската револуција и рационализацијата на животот, романтизмот ја истакна природата, емоциите, уметничкото искуство, херојството и креативноста.“* (Johnstone, 2014:80) Тој вели дека постоел чист простор каде овие културни движења се организирале, како на пример ценети универзитети како Оксфорд и Хајделберг кои биле центар на романтичарската поезија. А мрежите на разновидни визуелни уметници и литературни салони низ европските главни градови ја претставувле стурктурната основа на движењето. Романтизмот не бил претставен како класично социјално движење затоа што имал силен идеен и креативен фокус, недостаток на силна комуникација со колективните интереси и перформансен репертоар, но и недостаток на една битна димензија на социјалните движења преточени во демонстрации и маршеви што ќе го претставуваат Романтизмот.

Слично такво културно движење претставува и Хипи движењето од 60тите години на минатиот век чиј фокус се сосредоточил на сексуалните слободи, консумирањето на дрога, рокенролот и бунтовничкиот полет насочен кон стегите на тогашните морални норми. Истото

движење имало долготрајни последици врз популарната култура – во индивидуализмот, неформалноста, модата, забавата, њу-еџ верувањата и сексуалните граници.

Недостатокот на јасно политичко јадро во фокусот на овие движења, непретставителната рефлексија на колективните интереси, немањето желба за супресија на неправдите ги прави поинакви од социјалните движења. Кај нив е ставено релативно големо внимание врз идеите, артефактите и перформанските аспекти на мобилизацијата, како музиката, облеката и споделените искуства, отколку на маршевите, демострациите, говорите и останатите елементи по кои се карактеристични социјалните движења.

Џонстон (Johnstone, 2014:82) смета дека културните движења повеќе се дефинираат како „*движења на идеи и перформанси отколку на интереси и политика.*"

## 5. Технологија, дигитален активизам и социјалните движења

Комуникацијата, како и инструментите и методите употребени притоа, се главниот столб на човековата интеракција. Без нив интеракцијата е скоро невозможна. Секое време си има свои методи и инструменти за комуникација, кои се главно условени од достапната технологија во тоа време. И, секое време, поново од претходното, бележи се поголема употреба на технологијата во комуникација меѓу луѓето.

Современите интернет и комуникациски технологии овозможуваат комуникација со голем степен на интеракција меѓу учесниците. Ставена во социо-политички контекст, посебно кога се има предвид достапноста до социјалните мрежи и сеопштата присутност на паметните телефони (со бројните апликациии) кај индивидуите, истата (ИКТ) денес претставува основна алатка преку која се врши дисемнинација на идеји, значења, информации, мотивација, координација и мобилизација на лицата со исти или не-спротиставени ставови, односно преку која се одвива главниот дел на комуникација меѓу социо-политичките компоненти кои ги сочинуваат социјалните движења.

Дигиталниот активизам, Карацојани (Karatzogianni 2015) го дефинира како политичка партиципација, активности и протести организирани во дигиталните мрежи, надвор од репрезентативната политика. Тоа се однесува на политичко дејство насочено кон реформа или револуција, од страна на недржавни актери и нови социо-политички формации, како на пример социјалните движења, протестните организации и поединци и групи од граѓанското општество, односно од социјални актери кои не се дел од власта и корпоративното влијание.

Во насока на утврдување на условите за појава на дигиталниот актвизам, а со тоа и соодветно дефинирање на истиот, Мери Џојс (Joyce, 2010:2) во соработка со авторите на

посебните текстови во ова дело ги утврдува рамките на условите во кој се појавува дигиталниот активизам, односно екологијата на дигиталниот активизам. Така, таа вели:

> *„Контекстот на дигиталниот активизам се однесува како на дигиталната технологија што се користи во конретна активистичка кампања, така и на економскиот, социјалниот и политичкиот контекст во кој се јавува употребата на таквата технологија. Инфраструктурата за дигитална технологија - комбинацијата на мрежи, кодирање, апликации и уреди што ја сочинуваат физичката инфраструктура на дигиталниот активизам - е појдовна, но не и крајна точка. Разликите во економските, социјалните и политичките фактори условуваат како активистите ја користат оваа технологија.“* (Joyce, 2010:2)

Инфраструктурата на дигиталниот активизам се потпира на вмрежени уреди кои користат дигитален код за пренос на инфомациите. Практиката на дигиталниот активизам има различни вредности. Во ова дело (Joyce, 2010), авторот Анастасиа Кавада ги разгледува можностите на употребата на дигиталната технологија во социјалните движења, односно како дигиталната технологија ги зајакнува социјалнтие движења преку обезбедување на нови алатки и капацитети за соработка и пред се комуникација. Понатаму, Тим Хуанг ги разгледува како новите алатки го помагаат, но и го трансформираат начинот на кој активистите комуницираат и вршат интеракција меѓусебно, но и со поддржувачите. Универзитетскиот професор Стивен М‘рдок го подвлекува штетното, но и недозволеното однесување, малтретирање и опструирање овозможено со употреба на дигиталната технологија.

Џојс идентификува три основни перспективи на вредноста на дигиталниот активизам: оптимистичка, песимистичка и упорна. Сите три категории мора да бидат ставени и сфатени во поширок контекст. Оптимистичката и песимистичката перспектива прифаќаат спротиставен (позитивен/негативен) потенцијал на дигиталните технологии при промена на дистрибуцијата на политичката сила. Додека оптимистите сметаат дека дигиталниот активизам ќе ги смени постојните политички хиерархии, на сметка на граѓаните, песимистите веруваат дека овие технологии служат само за нелегална промена на постојните авторитети и поттикнување на хаос. Третата перспектива – упорни, се однесува на оние кои во дигиталната технологија гледаат ниту спас ниту пропаст, туку дека малку може да се смени и постојната политичка дистрибуција ќе опстои. Тие можеби се песимисти или оптимисти за дигиталнта технологија, но сметаат дека активизмот не придонесува многу за промена.

Според Џојс (Joyce, 2010:3), дигиталниот активизам не е консензуален термин за употреба на дигиталната технологија во водењето кампањи и социјалното движење. Фокусот е ставен на овој феномен затоа што брзината, сигурноста, обемот и ниската цена на дигиталната

мрежа се она што го овозможува големиот обем и дострел на современиот активизам. Таа смета дека овој термин е воедно и сеопфатен, но и ексклузивен. Сеопфатен затоа што ги вклучува сите социјални и политички практики за кампања, а кои користат дигитална мрежна инфраструктура, и ексклузивен бидејќи ги исклучува практиките кои едноставно не припаѓаат на овој вид активност. Таа, дигиталниот активизам, го дефинира како „*практика на употреба на дигиталната технологија во насока на зголемување на ефективноста на кампањата за општествена или политичка промена*". (Joyce, 2010:218)

Во предговорот на книгата на Викторија Карти (Carty, 2015), Џејмс ДеФронзо го сублимира и разгледува влијанието што индивидуалниот пристап до интернет и социјалните медиуми го имаат врз социјалните движења, повикувајќи се на Смелсеровата рамка за развој на колективното однесување. Според него, способноста на учесниците во движењето да ги заобиколат класичните медиуми (кои најчесто се под контрола над властите или корпорациите кои се спротиставуваат на движењето), како и да се надмине недостаток на физичка близина значително ги подобрува условите за развој на социјалното движење.

Понатаму, тој смета дека можноста на обичните лица да снимаат видео искуство, состојби и настани, па тоа веднаш да го споделат со другите во дигитално-проширената јавна сфера, го зголемува капацитетот за ширење или засилување на незадоволството од постојниот режим или политика.

Исто, новите електронски медиуми ја зголемуваат можноста за ширење на споделено верување во врска со причината за проблемот, што пак ќе предизвика воспоставање ефективна колективна акција за справување со тој проблем.

Тој смета дека, заедничкото верување е примена на социолошката имагинација која тврди дека проблемот со кој се соочуваат луѓето или за кој се интересираат се должи на социјалните фактори кои се способни да се променат преку колективна акција.

Негов став е исто дека личниот пристап до интернет им дозволува на поединците да пренесат слики од емоционалните епизоди на репресија и неправда до поширока публика и тоа на поубедлив начин од било кога порано, а овие пренесени снимки претставуваат искри со кои може да се запали фитилот на насобраната фрустрација во насока на мотивација на луѓето да преземат акција.

Понатаму, ДеФронзо сметка дека во раната фаза на развојот на социјалното движење, новите персонализирани дигитални медиуми ја намалуваат потребата од јасно препознатливи, харизматични, интелектуални и раководни лидери на социјалното движење. Овој недостаток на лидери на социјалното движење е заменет со активисти со мало или никакво фиксно лидерство. Паметните телефони, како и другите форми на дигитална комуникација им овозможуваат на

учесниците во движењето брзо прилагодување на постапките на агенциите за социјална контрола, но и да развијат нови планови и тактики за возврат.

Викторија Карти (Carty, 2015:5) смета дека со општа достапност на новата дигитална технологија, актерите во социјалнте движења имаат пристап до иновативни медиуми, кои пак им помагаат да се негува нов политички терен во кој ќе може тие да дискутираат за поплаки, да пренесуваат информации и колективно да поставуваат барања.

ИКТ имаат значително влијание врз социјалните движења и можат да ја промовираат или да ја потиснат нивната активност и комуникација. Постојат значителен број на други автори и трудови кои го истражуваат ефектот што дигиталните медиуми го имаат врз меѓународниот активизам меѓу кои најистакнати се Бенет, Дела Порта, Кастелс, Милан и други.

Иако, навидум изгледа како корисна активност која стреми кон постигнување на демократски цели, дигиталниот активизам и не е најпосакуван од сите субјекти во социо-политичкото милје на секоја територија, пред се затоа што не е лесно контроллив и може лесно да се злоупотреби во негативни цели (тероризам, криминал, рушење на постојни општествени системи и сл.). Оттука пак, се поставува едно морално прашање за легитимноста на дигиталниот активизам, каде членовите на други општества директно влијаат на промените во конкретното општество, темелно растресувајќи ги основите на тие општества од кои на пример подоцна се појавија разно-разни социо-политички и милитарни субјекти кои прераснаа во терор, наместо демократија за локалното население кое било подложно на дигитален активизам „поддржан“ и овозможен надвор од границите на конкретното општество и држава.

## 6. Феноменот Анонимус

### 6.1. За феноменот

Кога на почетокот на оваа декада се појавија наслови во медиумите како на следната слика, беше повеќе од јасно дека светот станал далеку по динамично место и дека сите познати општествени норми се ставени на преиспитување и ре-вреднување, и дека нештата мора да се движат во насока на поголема демократизација, комуникација и мобилност која ќе создаде модел на општество што ќе може да ги задоволи потребите на неговите граѓани или ќе придонесе кон враќање на традиционализмот со сите негови негативнин пропратни веќе-видени ефекти, за потоа повторно да се открива демократијата и човековите слободи.

### `Анонимните` ја дигнаа Европа на нозе

Припадници на групата "Анонимни", која некои експерти ја сметаат и за наследник на веб-сајтот Викиликс, затсинока го урнаа и сајтот на Интерпол, а заедно со повеќе десетици илјади лица протестираа против, како што тврдат, ограничувањето на слободата на користење на интернет Хакерската група "Анонимни" затсинока го урна и сајтот на Меѓународната полициска агенција (Интерпол), само еден ден откако упадна и на интернет-страницата на американската Централна разузнавачка агенција (ЦИА). Упадот на страната на Интерпол уследи по завчерашната серија протести на "Анонимните" и нивните приврзаници низ Европа. Повеќе десетици илјади лица, на кои им се приклучуваат и многу европски експерти, правници, новинари и политичари, протестираа во саботата попладне и навечер на улиците на бројни европски градови, против контроверзниот меѓународен договор за заштита на интелектуалната сопственост на интернет - АКТА, кој, како што сметаат, ќе ја ограничи слободата на користење на мрежата и ќе ја зголеми можноста за контрола на ...

Вечер | 23:05, 12 Фев 2012 | веќе видена | слични

2 копии

### Европа протестира против цензурата на интернет

Повеќе десетици илјади лица протестираа вчера на улиците на бројни европски градови, против договорот за заштита на авторските права на Интернет - АКТА, кој, како што сметаат, ќе ја ограничи слободата на користење на мрежата и ќе ја зголеми можноста за контрола на граѓаните. Меѓу првите се собраа критичарите на овој договор во литванската престолнина Вилнус, каде со натписите „Стоп АКТА" пред зградата на Владата протестираа неколку илјади луѓе. Во Германија протестите против овој договор собраа околу 41.000 лица, а најголемите собири се одржаа во Минхен и во Берлин, каде одделни демонстранти имаа залепен селотејп преку устата. Еден од поголемите протести е одржан во Софија, каде во протестен митинг пред зградата на Владата учествуваа околу 4.000 лица. Солидаризирајќи се со повеќе европски земји, денеска и Чесите протестираат против антипиратскиот договор АКТА, јави дописникот на МИА од Прага. Околу илјада демонстранти во чешката метропола, а и во уште дваесетина градови во земјата го покажуваат својот ...

Сител | 11:21, 12 Фев 2012 | слични

Интернет комункацијата овозможи зголемен степен на демократизација во сите општества на земјината топка, па дури и во оние конзервативните, но и затворените општества. Зголемениот проток и размена на информации што секојдневно се одвива преку интернет ги забрзува процесите што ги предизвикуваат и движат општествените промени.

Одредени чинители на општествени промени оставаат силен печат врз времето во кое се наоѓаат, а таков чинител на општествените промени во современиот свет е токму феноменот Анонимус.

Феноменот Анонимус, е главната тема на овој труд.

Етимологијата на зборот Анонимус доаѓа од грчките зборови ан (без) и онома (име), за подоцна да му се додаде латинскиот израз (ус) – Анонимус. Поимот значува некој кој е безимен, непознат, „анонимен“, односно, означува индивидуа на која не и е познат идентитетот, т.е. името. Основната појдовна точка на Анонимус е дека не е битно кој си и што си, туку што можеш да постигнеш со својата активност, какви ефекти и промени, притоа тука

алудирајќи на предизвикување социјални ефекти изведени со помош на компјутерска активност преку интернет.

Она што плени со својот шарм е претставата што учесниците во Анонимус ја прават при демонстрирање на своето присуство и тоа токму во стилот на социјалните движења: кореографија, иконографија, маршеви, лого, и други културни елементи по што оваа идеја станува масовна и лесно прераснува во движење.

Од самиот почеток, својата присутност Анонимус ја демонстрираше во сопствената работна околина - дигиталната сфера, презентирајќи графика на која се претставува човечко тело без глава или лице, облечено во одело (базирано на надреалистичкото сликање на маж со шешир и јаболко на Рене Магрит), опкружен со мировни гранки во стилот на ООН, и пропратен текст кој со тек на време се дефинираше во следната порака:




НИЕ СМЕ АНОНИМУС.

НИЕ СМЕ ЛЕГИЈА.

НИЕ НЕ ПРОСТУВАМЕ.

НИЕ НЕ ЗАБОРАВАМЕ.

ОЧЕКУВАЈТЕ НЕ.

Своевремено појавата на оваа порака на нападнатите компјутерски системи, или видеата кои го потенцираа изведениот напад значеше непријатност за секој кој ќе ја види. Непријатноста доаѓаше од фактот што лицето, односно институцијата кај која се појавила оваа порака во разни варијации била/-о предмет на хакерски напад предизвикан заради одредени социјално неоправдани постапки кои субјектот (лицето, групата, институцијата) ги преземало кон други индивидуи, групи или самото општество. Со други зборови, оние што биле нападнати можеби не биле свесни (а, може и знаеле) за своите социјално неоправдани постапки што друг ги примил во својот фокус и сакал да изврши одмазда или откривање на прикривањето на фактите, или едноставно да поттикне позитивна општествена акција и промена која ќе ги намали негативните ефекти што нападнатата (хакираната) индивидуа, група или институција ги направила кон некој друг исто таков ентитет.

Со еволуирањето на Анонимус, како заштитен знак на случувањата во нивна организација се појави и маската на Гај Фаукс.



Карактерот на Гај Фоукс, претставен како маска која масовно се употребува, еволуираше како Интернет мем[4], и најчесто се наоѓаше на таблоата како што е **4chan** (а, подоцна и **8chan**), но и на веб-сајтовите кои споделуваат видеа, како на пример YouTube. Ликот од маската претставува човек кој не успева во ништо и кога се појави истиот стана познат и како „Епски неуспешен човек“ (Epic Fail Guy - EFG). Мотивацијата за употреба на маската доаѓа од историскиот настан од 1605 година во Лондон, каде Гај Фоукс, како еден од групата провинцијални англиски католици, не успеал во планираната „Барутна завера“ да го крене во вис дел од англискиот парламент со помош на експлозив и бива фатен на дело, и истиот „среќно“ брзо погинал во моментот пред да биде спален на клада.

Стилизираната маска на Гај Фоукс потекнува од филмот „**В како Вендета“** (2005 год.) и истата се употребува во меѓународни рамки, од страна на учесниците во групите и движењата кои протестираат противс политичарите, банките, финансиските институции, но и оние институции кои вршат „злодело“ кон обичните граѓани, па го прикриваат истото. Маската го прикрива идентитетот на носителот, и воедно го штити лицето на поединците. Со јавно носење на маската припадниците изразуваат идентитет, но и јавно ја покажуваат својата посветеност на заедничката кауза.

[4] Интернет мем се однесува на идеја, однесување, стил или употреба што се шири од личност до личност во рамките на една култура преку интернет.

Таквиот пристап е всушност самата идеја на Анонимус, а која се состои во тоа да има социо-политичка акција, но органите на прогонот да не знаат кого да приведат. Односно, учесниците во протестите да останат надвор од фокусот на службите за безбедност кои имаат задача да го сузбијат протестот, но и тимот на организатори, притоа уништувајќи ја секоја искра на идејата која го пали оганот на незадоволство и револт.

Територијалните граници и локацијата на учесникот, во даден момент на акција, не беа ограничувачки фактор за реализација на договорените активности што учесниците на онлајн форумите ги планираа, организираа и спроведуваа.

Обемот на Анонимус е невозможно да се измери. Во него учествуваа не само десетици, туку дури и стотици илјади луѓе. На пример, илјадници од целиот свет ги посетија онлајн дискусионите соби во декември 2010 година за да учествуваат во нападите врз PayPal (систем за електронско плаќање). Потоа, илјадници редовно ги посетуваа блоговите поврзани со Анонимус, како и своевремено наменските веб сајтови како AnonNews.org, anonofficial.com, anonops.com, anonboards.com, но и други кои повеќе не се активни. Протестите на маски организирани низ целиот свет дури извадија стотици илјади поддржувачи на идејата за анонимност и слобода на интернет изразувањето.

Повеќето експерти од областа на интернет безбедноста, своевремено зборуваа за феноменот Анонимус што се појави и почна да остава силни траги во својата работна и животна околина, но никој точно не знаеше кои се овие луѓе што драстично го менуваат современиот свет и која е точно нивната идеја, па и цел. Или барем така се мислеше своевремено.



Анонимус во медиумите не е претставен во позитивно светло. Медиумите Анонимус ги дефинираат како анонимни (непознати) учесници кои не се ниту активисти, ниту пак хакери, ниту пак се група, но не се ниту измислица.

Односот на новинарите кон Анонимус никогаш не бил искрен ниту реален. Знаејќи ги методите со кои новинарите се користат при нечие дискредитирање или претставување како врвна личност/организација за пример, истите или не ги разбираа активностите на Анонимус, па со лоши претпоставки стигнуваа до погрешна претстава во јавноста, или премногу стоеа во сенката на своите спонзори и ментори и прифатија да вршат јавен напад кон Анонимус само затоа што истите биле против однесувањето и вистинската општествена одговорност на менторите, односно корпорациите во кои тие биле вработени.

## 6.2. Создавање

Доцна јули 2007 година, барајќи го своето место во општеството, групацијата Анонимус објавила видео на YouTube каналот со кое влегуваат директно во конфликт со корпорацијата Fox за одбрана на својата чест и дело. Видеото е реакција на прилогот на KKTV (26 јули 2007), во сопственост на Fox 11 (дел од медиумската корпорација Fox) за Анонимус како група на „хакери на стероиди", „домашни терористи", и „Интернет машина на омразата". Нивното видео се состоело во објаснување на црниот хумор кој тие јавно го изведуваат „***само затоа што им се може така***“ и притоа немајќи никаков морален обѕир, скрупули, кон оние што јавно ги исмејуваат додека истите се во огромна билка, траума или страдање. Мотото „само за Lulz“[5], кое Колеман (Coleman, 2014:2) го дефинира како „*девијантен стил на хумор и квази-мистична состојба на бивствување*“ е главната движечка сила на Анонимус во периодот од основање, па се до средината на 2011 година.

После ова видео и индиректно искажаната закана кон медиумот и другите неидентификувани јавни медиумски субјекти во тој момент, во вид на арогантен опис и оправдување на своите активности и дотогашни дејства, мотото „само за Lulz“ повеќе не претставува единствена причина за постоење.

Инаку, Анонимус не започна како социјално движење, туку како мала интернет заедница која беше концентрирана околу веб страница наречена „4chan“, создадена во 2003 година. Нивните први колективни акции беа нешто налик на шеги, но малку непријатни, каде се исмејуваа личности или организации само заради смеа: на пример, инвазија на виртуелни светови и местење на интернет-избори .

---

[5] Lulz е варијација на терминот lol—“laugh out loud” (гласно се смее)

Временската рамка на настани на Анонимус, а на која ќе се навратаме понатаму, го покажува всушност развојот на феноменот од самите негови почетоци - неговата појава, активностите кои всушност го дефинираат самиот феномент, па се до неговото намалување и евентуално исчезнување. Но и ни открива работи за Анонимус за кои не претпставувавме дека може да бидат дел од еден ваков општествен феномен.

## 6.3. Хронологија и опис на настаните

Во следната табела се претставени поголемите и јавно декларирани напади на Анонимус. Изворот на овие информации е исклучиво Интернет, а дел од истите се наоѓаат и во делата кои го третираат феноменот Анонимус. Секоја информација за активност/напад на Анонимус која е претставена во табелата е проверена од најмалку 2, а најмногу 4 извори.

Табела: Листа на значителни регистрирани напади на Анонимус

| **Наслов на акцијата на Анонимус** | **Краток опис на дејството, причините , мотивацијата и резултатот** |
|---|---|
| **2007** | |
| **Нападот врз Hal Turner** | Hal Turner, американски екстремно десничарски радио коментатор/водител од Њу Џерзи. Анонимус му ја исклучиле интернет страницата, со што му нанесле илјадници долари штета заради остварен огромен интернет проток кон страницата. |
| **Апсење на Chris Forcand** | Интернет предатор (53 год.), со сексуален афинитет кон малолетни, а кој бил следен онлајн и разоткриен, па предаден на полицијата од страна на членови на Анонимус откако се обидел да им понуди слики со сопствена содржина. |
| **2008** | |
| **Проект Chanology** | Протест против Скиентолошката црква заради цензура од нивна страна кон сопствените членови, но и финансиско искористување. Акцијата вклучувала DDoS напади на нивните веб сајтови, телефонски пренкови, испраќање црни факсови, а потоа и бранови протести пред нивните цркви во повеќе градови низ САД и Западна Европа, со иконографија како маската на Гај Фоукс. |
| **Инвазија врз форумот на Фондацијата за епилепсија** | Меѓусебно обвинување на Скиентолошката црква и Анонимус за намерно поставување јава скрипт код и светкави компјутерски анимации со намера да предизвикаат главоболки и напади кај |

| | |
|---|---|
| | лицата со епилепсија - посетителите на веб сајтот на форумот. |
| **Обезличување на веб сајтовите на SOHH и AllHipHop** | Нападот врз интернет страницата е извршен како одмазада за навредите искажани членовите на форумот "Just Bugging Out" против Анонимус. Анонимус ја обезличиле главната веб-страницата на организацијата со сатирични нацистички слики и наслови кои упатувале на бројни расистички стереотипи и навреди, но и украле информации за вработените во SOHH (Support Online Hip Hop). |
| **Хакирање на е-поштата на Сара Палин** | Одреден хакер на 4chan.org (место каде се собирале членовите на Анонимус) ја пробил лозинката на е-пошта на Сара Палин, барајќи инкриминирачки податоци за неа за да може да бидат јавно употребени против неа. Во тоа време таа била гувернер на Аљаска, САД. |
| **2009** | |
| **No Cussing Club** | Мекеј Хеч, тинејџер кој водел веб сајт против вулгарен говор бил хакиран од членови на Анонимус. Домашната адреса на Хач, телефонскиот број и другите лични информации се појавиле на Интернет, а неговото семејство започнало да добива пошта со омраза, непристојни телефонски повици и лажни испораки на пица и порнографија. |
| **Протест против Иранските избори 2009** | По наводите за местење гласови по објавување на резултатите од изборите во Иран во јуни 2009 година, прогласувајќи Махмуд Ахмадинеџад за победник, илјадници Иранци излегоа на демонстрации. Анонимус, заедно со „The Pirate Bay“ и разни други ирански хакери, создаде место за поддршка на Иранското Зелено Движење, наречено Anonymous Iran. |
| **Операција Didgeridie** | Интернет цензура во Австралија. Анонимно ја уништи веб-страницата на австралискиот премиер за еден час со дистрибуиран напад за негирање на услугата. |
| **2010** | |
| **Операција Smalltits** | Сајбер напади врз владата на Австралија. Протест против австралиската влада во врска со претстојното законодавство за филтрирање на Интернет и согледаната цензура во порнографијата. |
| **Нападот на Oregon Tea Party** | Конзервативен веб сајт на Орегон. Користеле слогани на Анонимус. Разобличување на почетната страна |

| | |
|---|---|
| **Операција Освета (Payback)** | Во 2010, неколку Боливудски компании ангажираат компанија за софтвер Aiplex Software за да започнат со напади DDoS кон веб-страниците што не одговорија на известувањето за превземање софтвер. Оригиналниот план бил директен напад на Aiplex Software, но неколку часа пред планираниот DDoS откриено е дека друго лице самостојно ја турнало веб-страницата на фирмата. Тогаш Операцијата Одмазда се префрла на реализација на напади против веб-страниците на организациите заштита на авторските права, адвокатските канцеларии и други веб-страници. Тоа резултираше со повеќекратни DDoS напади на анти-пиратските групи и адвокатски канцеларии. |
| **Освета за Асанж** | Операција Одмазда за Асанж, декември 2010 година. Викиликс се најде под голем притисок да престане да ги објавува тајните дипломатски кабли на САД. Како одговор, Анонимус ја објави својата поддршка за Викиликс и Операцијата Одмазда го смени својот фокус за поддршка на Викиликс и започна со ДДоС напади против Амазон, Пејпал, Мастеркард, Виза, швајцарската банка „Постфинансис“ и веб-страницата на шведскиот обвинител, во знак на одмазда за активностите насочени против Викиликс. |
| **Операција Bradical** | Откако свиркачот Челси Менинг беше префрлена во Маринскиот корпус Бриг, Квантико во јули 2010 година, се појавија обвиненија за злоупотреба на изолацијата на Менинг во максималнно обезбедената област, за ставање под мониторинг од самоубиство кое вклучуваше постојани вербални проверки од стражарите и присилно разголување. Анонимус се заканија дека ќе ја нарушат работата во Quantico преку компјутерски напади, изложување на приватни информации за персоналот и други начини на вознемирување. |
| **Зимбабве** | Интернет-страниците на владата на Зимбабве беа мета на Анонимус заради цензура на документите објавени на Викиликс |
| **2011** | |
| **Арапската пролет. Операција Тунис** | Интернет-страниците на владата на Тунис беа мета на Анонимус заради цензура на документите на Викиликс и револуцијата во Тунис. Улогата на Анонимус во DDoS нападите на веб-страниците на туниската влада доведе до пораст на Интернет активизмот меѓу Тунижаните против владата. Нападите DDoS се изведоа на осум веб-страници на владата на Тунис. Владата ги прави своите веб-страници недостапни од надвор од Тунис. |

| | |
|---|---|
| | Полицијата уапсила бројни активисти и интернет блогери. |
| **Арапската пролет. Операција Египет** | Во египетската револуција, веб-страниците на владата, заедно со веб-страницата на владеачката Национална демократска партија, беа хакирани и исклучени од интернет од страна на Анонимус. Веб-страниците останаа присутни сè додека претседателот Хосни Мубарак не се повлече. |
| **Арапската пролет. Операција Либија** | Анонимус беше поделен за време на Либиската граѓанска војна. Додека тие ги хакираа веб сајтовите на либиската влада и го убедија хостингот на личната веб-страница на Гадафи да ја исклучи, другите членови на групата застанаа зад диктаторот во сопствена „Операција Разумна Реакција“. Нападите во корист на Гадафи беа прилично неуспешни, но успеаа привремено да турнат неколку опозициски сајтови. |
| **Напад на HBGary Federal** | Аарон Бар, извршниот шеф на безбедносната фирма HBGary Federal, во налет да ги улови главните личности зад Аномимус со помош на податоците прибирани од социјалните медиуми и неговот двојно  претставување и учество во работата на Анонимус, бил откриени неговите намери од самите водечки членови. Откако го откриле, му ги хакирале сите сметки на социјалните мрежи, и му ја пробиле лозинката на службената е-пошта, што што откако му ги украле сите електорнски пораки и ги објавиле на интернет. Анонимус ја превзема контролата врз е-поштата на компанијата, исфрлајќи 68.000 пораки на е-пошта од системот, бришејќи датотеки и оневозможување на нивниот телефонски систем. |
| **Протестите во Висконсин** | Февруари, 2011 година. Напад врз Кох Индустри како одговор на протестите во Висконсин. Помеѓу 1997 и 2008 година, Дејвид и Чарлс Кох дале повеќе од 17 милиони американски долари на групи како што се Американците за Просперитет, Клуб за Раст и Обединети Граѓани да лобираат против синдикатите. Браќата Кох се еден од најголемите приврзаници на Републиканската партија. Анонимус ги обвини браќата за обид за „узурпирање на американската демократија“ и повика на бојкот на сите производи на „Кох индустри“. |
| **Операција Sony** | На 2 април 2011 година, Аноним започна напад врз медиумскиот гигант Сони, именуван #opsony, како дел од операцијата „Очерација Одмазда“. Анонимус потврди за успешноста на |

| | |
|---|---|
| | нападот откако ги собори мрежата на PlayStation и другите поврзани веб-страници на PlayStation. Активности на Анонимус, исто така, вклучуваат директно вознемирување на вработените и нивните семејства. |
| **Booz Allen Hamilton** | Во јули 2011 година Анонимус објавуваат тајни податоци, украдени од серверот на американската консултанска компанија Booz Allen Hamilton. Групата истакнала дека тоа е направено со цел да се покаже слабоста на системите за заштита, користени од фирмата во сопствените мрежи. |
| **Њујоршката берза (NYSE)** | Анонимус се вклучиле во протестот окупирај го Вол стрит заканувајќи се дека ќе го нападнат веб-сајтот на Њујоршката берза (NYSE). На 11 октомври со DDoS напади тие успеаја за еден час да ја нарушат работата на сајтот. |
| **Шпанска полиција** | DDoS напад на веб сајтот на шпанската полиција, како директен одговор на апсењата на три лица обвинети дека биле поврзани со акт на сајбер граѓанска непослушност припишани на „Анонимус“. |
| **Операција Индија** | Поддршка на граѓанското движење против корупција во Индија |
| **Операција Малезија** | Јуни 2011 година. Напад на деведесет и еден веб сајт на владата на Малезија како одговор на блокирање на сајтовите Викиликс и The Pirate Bay во земјата. |
| **Операција Орландо** | Јуни 2011 година. Анонимус ги урнаа веб сајтовите на Орландо, Стопанска комора на Флорида и вметнаа порака на веб-страницата на Универзалниот Ресорт на Орландо, барајќи од корисниците да го бојкотираат истиот ресорт. Анонимус го направило тоа како одговор на апсењата на членовите на „Храна не бомби“ за хранење бездомници во паркот Иола против уредбите на градот. Член на Анонимус оставил маска на Гај Фаукс пред домот на градоначалникот кој акт полицијата го смета за закана кон градоначалникот.<br><br>На 11 јули, Анонимус ја турна веб-страницата на Римокатоличката епархија во Орландо и Ротарискиот клуб на Орландо. |
| **Операција Интифада** | Јуни 2011 година. Анонимус објави дека ќе го хакира веб сајтот на Кнесет, законодавниот дом на Израел и ќе го отстрани офлајн. Планираните напади се одговор на наводните хакерски напади на |

| | |
|---|---|
| | израелските разузнавачки информации како што е компјутерскиот вирусот „Stuxnet", вирус кој, наводно, бил создаден од израелското и американското разузнавање и било насочен кон иранската нуклеарна програма. |
| **Операција Анти-безбедност** | Групата соработуваше со „ЛулсСек" за да ги хакира веб-страниците на голем број владини и корпоративни извори и да објави информации од нив. Освен американски сајтови, Анонимус исто така ги таргетираше сајтовите на владата во Тунис, Бразил, Зимбабве, Турција и Австралија. На 21 јули, Анонимус објави два PDF, наводно, земени од НАТО. |
| **Операција Фејсбук** | Август 2011. Некој на Твитер создал сметка со име OP_Facebook и објавил "Операција Фејсбук". Планот е спорен и се чини дека не е поддржан од мнозинството од оние што велат дека се дел од Анонимус. Операцијата Фејсбук, спротивно од популарното верување, никогаш не покажа никакви знаци на активност. |
| **Операција BART** | Август 2011. Како одговор на исклучувањето на услугата за мобилни телефони при протестите заради полициско пукање кај Bay Area Rapid Transit, а со намера да да се исклучат демонстрантите од собирање во поголем број, како и самото пукање, Анонимус испрати масовна е-пошта / факс-бомба до персоналот на БАРТ и организираше повеќе масовни физички протести во станицата Цивилен центар на мрежата. Анонимус, исто така, ја хакираше веб-страницата на БАРТ, објавувајќи ги личните информации на 102 полицајци во БАРТ, како и информации за околу 2.000 клиенти. |
| **Сабота за пукање на Шерифите** | Анонимус хакирале 70 (претежно рурални) полициски веб-страници и објавиле 10 GB откриени информации. |
| **Поддршка на Окупирај ја улицата** | Анонимус неколкупати даде поддршка на движењето „Окупирај го Волстрит", при што членовите присуствуваа на локалните протести и блогови што ги водат членовите кои го покриваат движењето |
| **Операција Сирија** | Анонимус ја хакираше веб страната на Министерството за одбрана на Сирија и ја замени со векторска слика од пред-Ба'тистичкото знаме, симбол на про-демократското движење во земјата, како и порака за поддршка на сириското востание во 2011 година и повикувајќи ги припадниците на сириската армија |

| | |
|---|---|
| | да дезертираат за да ги заштитат демонстрантите. |
| **Операција ДаркНет** | Кампања против детска порнографија заштитена со анонимна техника на хостирање. Преку 40 веб сајтови со содржина од детска порнографија се нападнати со DDoS. Корисничките имиња на над 1500 редовини корисници на некоја од овие веб-страници се објавени. |
| **Опозиција Лос Зетас** | Во октомври, Анонимус објави видео во кое се вели дека Лос Зетас киднапирал еден од членовите на групата и се заканил дека доколку не се ослободи заложникот, тие ќе објават лични информации за членовите на картелот и нивните соработници во политиката, полицијата, војската и бизнис, што може да доведе до нивно гонење од страна на мексиканските власти, или таргетирање на ривалските картели. Лос Зетас е мексикански криминален синдикат (читај картел). Жртвата е ослободена. |
| **Операција Симнување на братството** | Во ноември, Анонимус објави предупредувачка закана кон Муслиманското братство од Египет дека ќе им соборат големи сајтови кои припаѓаат на братството. Четири веб-страници беа привремено соборени. |
| **Инцидентот со Џон Пајк** | Џон Пајк бил полицаец вработен на Универзитетот во Калифорнија и при мирни демонстрации на движењето Окупирај во кампусот на универзитетот, демонстрантите ги прска со пипер-спреј, после што неговите лични податоци се објавени од стрна на Анонимус |
| **Операција Фарисеј** | Сајтот на Светскиот ден на младите 2011, организиран од Ватикан, претрпе организиран напад преку социјалните медиуми (Фејсбук, Твитер и ЈуТјуб) чија големина на сообраќај изнесувала 34 пати поголем од нормалниот сообраќај (DDoS). Нападот бил неуспешен заради присуството на на Имперва, фирма за безбедноснот ангажирана од Ватикан. |
| **Операција Длабоко грло** | Една од борбите на Анонимус, заедно со / b / board, Reddit, Twitter и Funnyjunk, сите на на 4chan, за своето место во општеството и против оние што користат мотиви и симоболи на идентификација како оние на Анонимус, со што „крадат“ од нивната слава. Здружениот напад/рација врз 9gag (од Хонк Конг)<br><br>бил организиран во повеќе тимови. |
| **2012** | |

| | |
|---|---|
| **CSLEA хак** | Анонимус ја хакира страницата на Здружението за спроведување на законот во државата Калифорнија во знак на протест против полициската бруталност |
| **Окупирај ја Нигерија** | Во солидарност со движењето Окупирај ја Нигерија, Анонимус ги здружило силите со други хактивиститички групации од Нигерија за напад на владините сајтови на Нигерија.Протест се однесувал повеќе заради укинувањето на субвенцијата за гориво од чие постоење зависи егзистенцијата на повеќето сиромашни Нигеријци. Хакирана беше страницата на нигериската Комисија за економски и финансиски криминал, и поставен бил лажен извештај за апсење на лица вклучени во нафтениот сектор. |
| **Операција Megaupload** | Во знак на одмазда за затворањето на сајтот за споделување датотеки Megaupload и апсењето на четворица работници, Анонимус го напаѓа (DDoS) веб сајтот на компанија која покренала тужбата против Megaupload, Министерството за правда на САД, Канцеларијата за авторски права на САД, Федералното биро за истраги, Американска асоцијација на подвижни слики (МРАА), Браќата Ворнер Мјузик, Американска асоцијација на индустријата за снимање (РИАА). Мотивот за напад бил заради Актот за стопирање на онлајн пиратерија (SOPA) и Актот за заштита на интелектуалната сопственост (PIPA). |
| **Анти-ACTA активизам во Европа – Полска револуција** | На почетокот на годината серија DDoS напади на веб сајтови на полската влада, како предупредување и одмазда за претстојното потпишување на договорот АКТА од страна на полската влада. Нападите беа засилени со медиумското покривање создавајќи притоа голем интерес во јавноста, но и протести на илјадници луѓе против потпишувањето на АКТА во поголемите градови во Полска |
| **Анти-ACTA активизам во Европа – Словенија** | Анонимус во Словенија најави опозиција против словенечкото потпишување на АКТА и објавија видео закани на разни веб-страници против владините функционери, како и против НЛБ банка, обвинувајќи ја за корупција. На 4 февруари 2012 година НЛБ беше жртва на компјутерски напад и беше офлајн еден час, додека јавни демонстрации се одржуваа во Љубљана (околу 3000 лица) и Марибор (околу 300 лица). |
| **Анти-ACTA активизам во Европа** | „Анонимус“ на неколку часа го исфрлија од функција и веб сајтот |

| | |
|---|---|
| **– Чешка** | на Чешката унија против пиратеријата (ЧПУ), која се занимава со наоѓање и бришење на нелегални копии на филмови на интернет и собирање докази против сторителите на кривичните дела. |
| **Нападите врз Бостонската полиција** | Анонимус хакира веб сајт што припаѓа на полицискиот оддел во Бостон, а во знак на протест против иселување на демонстрантите на окупираниот Вол Стрит. |
| **Спречување на нарушување на гласањето** | Анонимус тврдат дека поставиле firewall што го нарекувале Големиот Оз, наводно дизајниран да спречи нарушување на изборите во Соединетите држави |
| **Хакирање на е-поштата на сириската влада** | Анонимус провалиле во серверот за електронска пошта на сириското Министерство за Претседателски работи, обезбедувајќи пристап до околу 78 поштенски сандачиња на вработени кај Башар ал Асад. Во јули 2012 година, Анонимус му подари на Викиликс над 2,4 милиони пораки од е-пошта на сириската влада. |
| **Протекувањата на AntiSec и нападот врз ЦИА** | Анонимен ја презеде одговорноста за соборување на веб сајтот на ЦИА во времетраење повеќе од 5 часа. Акцијата уследи по протекувањето на разговорот (делото е исто на Анонимус) меѓу официјалните лица на ФБИ и Скотланд Јард за членовите на Анонимус што се изведени пред суд, но и други поврзани теми, што неодамна се случиле. На 6 март 2012 година, во врска со протекувањето на информациите обвинет бил Donncha O'Cearbhaill, но бил ослободен по 24 часа. |
| **Нападот врз Интерпол** | По објавувањето на информацијата дека Интерпол на 28 февруари извршиле апсења на 25 осомничени членови на Анонимус во Европа и Јужна Америка, нивната страница бил соборена за краток временски период. |
| **Одмазнички напад врз полиција** | Анонимус" објавија дека влегла во околу 70 интернет страници на органите на редот од јужниот и централниот дел на САД поради апсењето на нејзини симпатизери во САД и Велика Британија. Групата тврди дека успеале да украдат околу 10 гигабајти податоци, вклучувајќи пораки, детали од кредитни картички и други важни инфорамции. |
| **Напад на Вивиенди** | По хакерските напади на „Универзал" и „Ворнер", го нападна и интернет страната на меѓународниот медиумски конгломерат |

| | |
|---|---|
| | „Вивенди“ со седиште во Франција. Сајтот „Вивенди“ беше прекриен со порака во која компанијата се обвинува за цензура и големо предавство на духот на интернетот, а 15 минути подоцна стана недостапен. |
| **Напад на Nasdaq** | „Анонимус“ го урна сајтот на втората најголема берза во САД, Насдак во знак на поддршка за движењето „Окупирај го Волстрит“. Иако претставници на берзата негираат, пристапот до нивниот сајт е оневозможен а тие не можат да откријат ниту од каде доаѓа нападот ниту на кој начин нивните експерти ќе го решат проблемот. |
| **Нападот AIPAC** | Анонимус ја собори веб-страницата на Американско-Израелскиот Комитетот за Јавни Работи (AIPAC). Нешто порано истиот ден, видео со наслов „Анонимус: Порака до AIPAC“ беше поставено на YouTube. |
| **DDoS нападот врз веб сајтот на Ватикан** | Официјалната веб-страница на Ватикан кратко време била соборена заради DDoS. Анонимус се пријави како главен фактор на оваа акција, но изразија посебно предуредување дека нападот воопшто не бил насочен кон следбениците на Католичката црква, туку против самата Црква и нејзината управа која е високо корумпирана.<br><br>За нецела недела, втор исто таков напад повторно ја собори веб страницата на Ватикан, но и Радио Ватикан, притоа обезбедувајќи пристап до базата на податоци во Ватикан. |
| **Критицизмот на Кони 2012** | Анонимус се оградува од активности поврзани со контроверзната активистичка актуелна кампања на социјални медиуми „Кони 2012“, на организација Невидливи Деца во Уганда, (бунтовникот Џозеф Рао Кони користел деца како војници), која ја смета за пропаганда на САД за нејзнио официјално ангажирање во воената инвазија во централна Африка (читај: Уганда, богата со нафта)[6].<br><br>Анонимус Месинџер изјавил претпоставка на Твитер дека #Kony2012 е тест од владата (на САД) за да се види колку брзо се шират информациите. |
| **Протекувањата на Бирото за правда** | Околу 1.7GB податоци се украдени од Бирото за статистика во правдата на САД. Протечените податоци содржеле интерни е- |

[6] https://www.ibtimes.com/anonymous-hackers-call-kony-2012-shady-propaganda-stand-ugandans-423280

| | |
|---|---|
| | пораки и целата база на податоци |
| **Центарот на Судијата Ротенберг** | Анонимус ја хакираше веб-страницата на ЦСР и јавно ги објавија на „Pastebin“ имињата и адресите на спонзорите, лобистите, адвокатите и поддржувачите на ЦСР, како и самиот основач и директор. Мотив е видео објавено на Си-Ен-Ен од момче кое е измачено во ЦСР, училиште за специјални потреби. Училиштето, исто така, легално мачело и стотици други, а регистрирано е дека петмина таму починале. |
| **Падот на веб сајтот на унгарскиот дел на Monsanto** | На 16 март сајтот е соборен и дури на 26 март е повторно поставен. |
| **Протекувањата на изворниот код на Symantec** | Луѓе што тврдат дека се дел од Анонимус го објавиле изворниот код за старите верзии на Norton AntiVirus и Norton Utilities. |
| **Кинеските напади во април 2012** | Април, 2012. Анонимус хакирал 485 веб-страници на кинеската влада, некои и повеќепати, во знак на протест против недостатокот на демократија во Кина. |
| **Операција Бехреин и Формула еден нападите** | 21 април. Анонимус го разобличи официјалниот сајт на Формула 1, во знак на протест против Гран-при трката во Бахреин, во 2012 година. Трката беше предмет на контроверзност, затоа што се одржуваше, со поддршка на владата, за време на тековните антивладини протести.<br><br>Анонимно објави соопштение за јавност во кое ја критикуваше одлуката за одржување на трката и покрај насилниот одговор на нив, како и податоци за продажба на билетите за настанот со чувствителни информации - особено броеви на кредитни картички на посетителите. И други сајтови на владата на Бахреин беа предмет на DDoS. |
| **Окупирај го Филипини** | Анонимус Филипини ја нападна веб-страницата на Кинескиот универзитетски медиумскиот сојуз како одмазда против наводните кинески хакери кои ја обезличиа веб-страницата на Универзитетот „Филипини“, во која се тврди дека островот Скарборо Шол е кинеска територија. Анонимус остави порака на хакираниот сајт дека островот е територијата на Филипини. |
| **Операција Индија** | Анонимус ги нападна веб-сајтовите на индискиот Врховниот суд и на тековната владејачката Конгресната партија, затоа што интернет сервис провајдерите ги блокирале популарните видео сајтови како Vimeo, но сајтовите за споделување на датотеки како |

| | |
|---|---|
| | The Pirate Bay. |
| **Операција Квебек** | Реакција на усвојувањето на Акт 78 од страна на владата на Квебек, чин со кој се ограничува слободата на здружување во оваа канадска провинција по неколкунеделни студентски протести. Објавено е видео со кое се повикува владеачката Либерална партија на Квебек да им дозволи на граѓаните да протестираат. На 21 мај, веб-страниците на Либералната партија на Квебек, Министерството за јавна безбедност на Квебек, како и на владината страница за полициска етика беа нападнат со хакирани со DDoS. |
| **Операција Кипар** | Координирани DDoS напади врз 47 веб-страници на владата на Република Кипар, кои беа надвор од употреба 15 часа, беа изведени од Анонимус, чија мотивација за оваа активност ја лоцираше во корупција на владата, дезинформации на медиумите и Договорот за борба против пиратерија. |
| **Операција Јапонија** | Веб сајтот на Јапонската Бизнис Федерација беше соборен, заради новите измени во законите за авторски права во Јапонија. За оние за кои ќе биде откриено дека незаконски копирале материјал како музика, ДВД-ја или дискови на Blu-ray, казните што би им се изрекле може да достигнат до 25.000 УСД, како и да добијат казна од две години затвор. |
| **Операција Анахајм** | Онлајн протест како одговор на пукањето на полицијата во Анахајм. Настанот започнал со објава на личните податоци на некои од главните полицајци |
| **AAPT напади** | Анонимус го хакира австралискиот интернет провајдер AAPT и во знак на протест против политиката за задржување на податоците објави 40 GB делумно уредувани податоци за клиентите. |
| **Напад на мексиканската PRI партија (Мексиканска пролет)** | Како дел од студентското движење „Yo Soy 132“, мексиканскиот огранок „Анонимус“ ја обезличи веб-страницата на партијата ПРИ, партија што власта во земјата ја држи 70 години |
| **Операција Мјанмар** | Со DDoS напад и обезличување на повеќе од 100 веб-страници во Мјанмар, Анонимус протестираше против убиството на Рохинџа муслиман во Мјанмар. По активноста на Анонимс, Хакерите на Мјанмар изведоа повеќе контранапади. |

| | |
|---|---|
| **Операција Бразил** | Во почетокот на 2012 година Анонимус врши серија на сајбер напади на владини и корпоративни сајтови на Бразил. Нападите биле иницирани од Сабу, хакер кој соработувал со ФБИ. |
| **LGBT права во Уганда** | Анонимус хакираше два веб сајта на владата на Уганда во знак на протест против строгите анти-геј закони во земјата. |
| **Национално образование на Хонг Конг** | Во средината на септември 2012 година, анонимни хакери се заканија на владината организација во Хонг Конг, позната како Национален центар за образование. Во своето видео преку видео,<br><br>Членови на Анонимус презедоа одговорност за протекување на класифицирани владини документи поврзани од Национален центар за образование, како и за соборување на нивната веб страница. Владата на Хонг Конг ги игнорираше повеќемесечните протести против воспоставување на нов основен план за морал и национално образование за деца од 6-18 години, каде децата ќе се оценуваат врз основа на нивното ниво на емотивна приврзаност и одобрување на Комунистичката партија на Кина. |
| **Филипинскиот Акт за превенција од Сајбер криминал 2012** | Серија напади против неколку веб-страници на филипинската влада во знак на протест против законот за спречување на компјутерски криминал од 2012 година. |
| **Објава на лични податоци на членпви на Вестборо Баптистичката Црква** | Повторно објавување на имињата, адресите и е-поштата на истакнатите членови на Баптистичката црква во Вестборо поради најавените планови да ги спречат погребите на жртвите од пукањето во основното училиште „Сенди Хук“.<br><br>Извршија DDoS напади самиот веб сајт, ги хакираа сметките на социјалните мрежи на членовите кои се вклучени, и покренаа петиција на whitehouse.org за црквата законски да се означи како група на омраза. |
| **2013** | |
| **Случајот со силување во Штубенвил** | Анонимус објави инкриминирачко видео, фотографии и твитови од средношколскиот фудбалски тим на Штубенвил, вклучен во групно силување на малолетна девојка во руралното Охајо. Тие, исто така, објавија бројни е-пораки и фотографии протечени од сметката на е-пошта на еден од фудбалските програми за зајакнување, за кои тие тврдат дека помогнал во прикривањето на случајот. |
| **Attack on the Mexican Army** | Веб сајтот на мексиканската армија (SEDENA) беше нападнат од |

| | |
|---|---|
| **website** | мексиканските Анонимус, и сите информации што се наоѓаа на ранливите сервери беа објавени (вклучувајќи кориснички имиња и лозинки). Причината за нападот беше одмазда против, како што ја нарекуваат, враќање на угнетувачката влада, наметната со изборна измама. |
| **Aaron Swartz Suicide** | Напад и обезличување на сајтот на Комисијата за казни на САД, претворајќи ја во страницата за игра се додека не паднала истата од голем сообраќајот. Акцијата е изведена заради самоубиството на ко-основачот и активист на Reddit, Арон Шварц, кој бил обвинет за кражба на материјали од Институтот за технологија во Масачусетс со намера слободно да ги дистрибуира. |
| **Федерални Резерви на САД** | Сајтот на федералните резерви на САД е хакиран. |
| **Операција Северна Кореја** | Анонимус во април со акција инсистирала на оставка од лидерор на Северна Кореја Ким Џонг-ун, да се инсталира демократијата, да ги напушти своите нуклеарни амбиции, да обезбеди нецензуриран пристап до Интернет итн. По поставените барања Анонимус тврди дека ги украла сите 15 000 лозинки на корисниците, како дел од сајбер-војната против ДНРК. Иако Анонимус тврдеше дека успеа да украде воени документи од Северна Кореја и дека истите ќе ги направи јавно достапнина денот кога започна Корејската војна, сепак, такви документи не се објавени. |
| **Операција Израел** | OpIsrael е координиран сајбер-напад од анти-израелски лица и групи поврзани со Анонимус, а кои целат сајтои што се сметаат за израелски<br><br>Цел на нападот беа неколку владини сајтови за банкарство и трговија, но повеќето од сајбер нападите беа одвратени. Следело против напад во кој настрадале сајтовите на анти-израелските страници како оние на Хезболах и Исламскиот џихад, серверите кои им припаѓаат на хакерите и провалија во персоналните компјутери на европските лидери на Операцијата Израел и им рекоа да ги бараат фактите и да не веруваат сè што гледаат на Интернет. |
| **Инцидентот со пукање на кливлендската полиција 2012** | Во декември 2012 година, кливлендската полицијата испука 137 куршуми кон автомобил, при што загинаа двајцата патници во неа. Анонимус ги објави личните информации на инволвираните полицајци. |

| | |
|---|---|
| **Кризата Сабах** | За време на затегнатоста во Сабах, поради судирите меѓу Кралската армија на Султанатот на Сулу и Малезиските безбедносни сили изби сајбер војна меѓу Филипини и Малезија. Настрадаа, како филипински, така и малезиски сајтови. Филипинската сајбер армија била блиска со Анонимус. |
| **Инцидентот со Филипинската крајбрежна стража** | Војници на Филипинската крајбрежна стража, во меѓународни води, пукале на невооружен тајвански риболовен брод и убиле тајвански рибар.<br><br>Хакерите именувајќи се како „AnonTAIWAN“ пробиле на официјалните веб-страници на Филипини барајќи од владата на Филипини да и се извинат на тајванската влада. |
| **EDL** | Анонимус објавува лични информации на разни членови на Англиската Одбранбена Лига, крајно-десничарска организација во Обединетото Кралство. |
| **Објавување на документи на NSA** | Анонимус објавува „тајни документи“ поврзани со NSA. Во реалноста, документите веќе биле јавно достапни |
| **Инцидентот со пукање во куче во Хафторн** | Во Хафторн, полициски службеник бил снимен како пукал во куче и го уапси неговиот сопственик. Анонимус објавува видео закани кон полицискиот оддел. Градската веб-страница исто така претрпе DDoS напад, но не е познато дали Анонимус се вклучени. |
| **Нигериски анти-геј закони** | Анонимус ја хакира националната веб-страница на Нигерија, откако земјата донесе закони со кои хомосексуалноста ќе биде казнета до 14 години затвор. |
| **The GCSB** | Анонимус - Нов Зеланд ја спроведе својата прва операција со DDoS напад на веб сајтот на Владиното биро за безбедност на комуникациите (GCSB), по усвојувањето на законските измени што и овозможија на електронската разузнавачка агенција да ги надгледува граѓаните на Нов Зеланд. Освен тоа, соборени беа и веб-страниците на политичарите кои ги поддржуваа законските измени. |
| **Операција Сингапур** | Сајбер нападите беа делумно како одговор на регулативите за цензура ма интернет во земјата, конкретно на вестите. Меѓу другите настрадаа: Совет на град Анг Мо Кио, Национален музеј на Сингапур (протекоа информации за 3.600 е-пошта, ИП-адреси и имиња), Фондација на заедницата ПАП, Straits Times (локален |

| | |
|---|---|
| | медиум на англиски јазик) |
| **Напад на веб сајтовите на Националната партија** | Анонимус Нов Зеланд извело напади врз веб-страниците поврзани со Националната партија во знак на протест против законот за цензура. |
| **Поддршка на анти Support of anti-PDAF movement** | Анонимус Филипини хакирале 115 владини веб-сајтови, заради корупција во Парламентот. |
| **Операција NSA** | Анонимус ги објави плановите за таргетирање на Националната агенција за безбедност и други американски владини организации заради шпионирање на Интернет активностите на сите Американци, како и цензура на слободниот печат на Интернет |
| **2014** | |
| **Операција Фергусон** | Анонимус објави видео предупредување до полицијата во Фергусон, Мисури, опоменувајќи ги за фатално пукање (убиство) на Мајк Браун, невооружен Афроамерикански тинејџер, а воедно заканувајќи се на одмазда ако на некој демонстрант кој демонстрира против полицијата е повреден. Групата, ја прифати маската Гај Фаукс како нејзин симбол и честопати се вклучува во активности спорни од правен аспект. |
| **Операција Хонг Конг** | Анонимус објави видео со предупредување до Владата на Хонг Конг, осудувајќи ја употребата на сила од полицијата врз демонстрантите.<br><br>Анонимус изјавил дека е време за демократија за народот во Хонг Конг, и дека ја осудува полицијата што им штети на граѓаните и ја повикува наместо штета, да ги заштити граѓаните. |
| **Операција Infosurge** | Анонимус Лејт (една од групите на Анонимус) ги хакерира веб-страниците на филипинската влада во знак на протест против наводната неспособност на владините службеници по супер тајфунот Јоланда. Соборени владини сајтови и хакирани кориснички сметки и лозинки на над 2000 е-адреси биле објавени на Pastebin. |
| **2015** | |
| **Операција Шарли Ебдо** | Како одговор на пукањето во Шарли Ебдо, Анонимус објави соопштение со сочувство до семејствата на настраданите и ги осуди нападите како „нехуман напад“ врз слободата на изразување. Им се обратија и на терористите со пораката: „Порака за Ал Каеда, Исламска држава и други терористи - Ви |

| | |
|---|---|
| | објавуваме војна, вам, терористите“. Таргетирани се џихадистичките веб сајтови и корисничките сметки на социјалните мрежи кои се поврзани со поддршката на исламскиот тероризам, а со цел да ги оневозможи или трајно да ги исклучи. |
| **Операција Ice ISIS** | Анонимус влегуваат во директна конфорнтација со ИСИС, со пораката:<br><br>ИСИС, Ние ќе ве ловиме, ќе ги собориме вашите сајтови, кориснички сметки, е-пошта и ќе ве разоткриеме. Отсега, нема безбедно место за вас на Интернет ... Ќе ве третираме како вирус, а ние сме лекот ... Ние го поседуваме Интернет ... |
| **Хакирање на безниска пумпа** | Анонимус во февруари хакираше најмалку еден автоматски мерач на резервоарот на бензинска пумпа, менувајќи го онлајн името од „ДИЗЕЛ“ во „НИЕ СМЕ ЛЕГИЈА“. |
| **Операција Јадачи на умрени** | Анонимус ја започна операцијата „Јадачи на умрени“ во насока на собирање докази против меѓународните ланци на педофили и нивна силна злоупотреба на децата, а со цел истите да бидат изведени пред лицето на правдата. |
| **Одговор на нападот на Филип Вајт** | Филип Вајт од Њу Џерси, нападнат од полициско куче при апсење, умира на пат кон полициска станица. нападнал тинејџерка. Анонимус, преку видео јавно бара бара од полицискиот оддел полицајците што учествуваат во апсење да бидат пратени на отсуство и полициското куче да биде ослободено од должност. Доколку не се исполнат овие барања, тие ќе ги објават личните информации на полицајците и ќе започнат сајбер напади на страницатаи на Винеланд полицијата. |
| **Операција Стоп за обновувањето** | Про-филипинските хакери на Анонимус Филипини нападнаа и обезличија вкупно 132 кинески владини, образовни и комерцијални интернет страници. Тоа претставува возвратен одговор на кинеските обиди за обновување на територијални спорови во Јужното Кинеско Море, што Манила го нарекува Западно Филипинско Море. |
| **Операција Anon Down** | На 17 јули 2015 година, Кралската канадска полиција (ККП) на протести во Дусон Крик, застрелала член на Анонимус, во маската Гај Фаукс, кој на никаков начин не ги предизвикал полицајците на акција.<br><br>Набрзо после тој настан веб-страницата на КПП беше соборена. |

| | |
|---|---|
| **Операција StormFront** | Анонимус објави видео во кое тврди дека поради „расизмот, антисемитизмот, исламофобијата и негирањето на холокаустот“ веб-страницата на Стормфронт (бела супермацистичка) треба да биде соборена, со цел да се сопре ширењето на омраза. |
| **Операција KKK (OPKKK)** | Анонимус во операцијата ККК идентификува податоци за дури 1.000 членови и поддржувачи на ККК, откако е пробиено корисничко име на Твитер, и дека сите ќе бидат објавени по име |
| **2016** | |
| **Операција Comelec** | Анонимус Филипини ја хакира веб-страницата на Комисијата за избори (COMELEC) за да ја принудат да ја подонрат безбедноста на машините за броење гласови.<br><br>Со хакирањето протекоа и личните податоци на гласачите. |
| **Операција Single Gateway** | Анонимус објави сајбер војна на Тајланд по донесувањето на измените во законската регулатива која и дозволува на владата да ги цензурира веб-страници и да ги пресретнува приватните комуникации без судски налог или наредба. Нападнати беа неколку веб-страници на владата на Тајланд (сајтот за одбрана на Тајланд, Тајландската полициска канцеларија и канцеларијата за туризам и спорт. |
| **2017** | |
| **Операција Darknet Relaunch** | Анонимус хакирал вебсајт Фридом Хостинг 2, популарна услуга за хостирање веб-страници достапна само преку Tor, каде над 50% од податоците зачувани на серверите содржат детска порнографија. |
| **Операција Македонија** | Анонимус Албанија вршат напади врз македонски институции кои се поврзани со пресуди за случајот Диво насеље. Соборени се веб страниците на Основниот суд Скопје 1 и на Врховниот суд |
| **2018** | |
| **Грчки Анонимус хакира турски сајтови** | Хакирани се веб-страниците на турските банки - Зираат и Турска банка, приватната армија на Ердоган и неговиот личен сајт, како против одговор заради хакирање на сајтови од страна на турска хакерска група, претходната година |

Всушност, по 2013 година настанува една општа состојба на сајбер војна која е предизвикана со активностите на Анонимус. Секоја држава и секој постоен територијален и

политичко -безбедносен проблем во светот добива сопствена група Анонимус која изведува напади на службените сајтови на другата држава со која има проблем, а со цел објава на сопствената верзија за причините за конфликтот, но и одмазнички акции по тој повод. Со други зборови, интернетот станал бојно поле на пропаганда, омраза, несигурност и криминал.

## 6.4. Цели и методи на акција

Анонимус е хактивистичка група која се појави во 2003 година како неформална мрежа на компјутерски и интернет писмени лица чија прввична цел не била борба против цензурата на интернетот. Нивната почетна точка се граничи со анархистичко-либертаријанскиот пристап во борба против опструкција на вистината од страна на моќните институции како Владите и корпорациите, а кои имаат огромни ресурси на располагање за да одржуваат општествено - политички систем во кој вистинска корист ќе имаат мал број на луѓе, обично идентификувани во постојните политички и економски елити. Анонимус најчесто напаѓал сајтови кои, според нивното мислење, дејствуваат на штета на слободата на интернетот и говорот.

Целите на акција на Анонимус значително се поместиле од самиот почеток па се до денес. Иако првично е започнато како шега и желба за јавно мајтапење (тролање) и јавно понижување, зголемениот степен на приклонување на лица со компјутерски вештини кон таквиот метод на општествена акција, придонесе да се отворат и посериозни теми на дискусија, теми кои одат вон индивидуалното и влегуваат во доменот на колективитетите и општествениот поредок.




Флаер: Вие го нарекувате пиратство, ние го нарекуваме СЛОБОДА

Очигледно е дека членовите на Анонимус, барем за оние кои се знае дека се од самите почетоци во него, но и за оние кои подоцна се вклучиле, откако ќе бидат уапсени ќе се испостави дека повеќето се млади лица (некои малолетни во моментите на акција) кои постигнале одреден степен на социјална зрелост, притоа гледајќи можност да се впуштат во социо-политички активности со што директно би оставиле сопствен печат на времето во кое тие живееле.

Влезот на Анонимус во социо-политичката сфера, во прво време, прави една значителна магнетна сила која привлекува, но и вовлекува, млади расположиви сили подготвени да ја демонстрирааат својата желба за демократски општествени промени од која ќе имаат корист не само тие, туку и целото општество каде се одвива протестот.

„Анонимус“ упаднаа на интернет-страниците на повеќе државни институции, меѓународни организации и политички партии низ светот, обвинувајќи ги дека ги задушуваат слободата и демократијата. Омиленото оружје на „Анонимус“, кои се борат за слобода на интернетот, не е класичното хакирање на страницата, туку пренасочување на сообраќајот кон посакуваната страница, која поради големиот прилив на корисници на таа адреса, се блокира, односно бива соборена.

Анонимус во своето работење, користат тактика на конфронтација и тактика на заплашување. Објавува видео, па врши напад. Една од тактиките вклучува следење на електронските траги пред и после нападот и помагање да се донесат истите до сеопштаата јавност, за после органите на прогонот да ги започнат постапки и да се добие правна и праведна завршница.

Понатаму, опишани се техниките на акција на Анонимус.

### 6.4.1.Хакери, Хакирање и Хактивизам

Џордан и Тејлор го анализирале Хактивизмот како социолошки феномен, и истиот го дефинирале како „*појава на популарна политичка акција, на самоактивност на групи на луѓе во сајбер-просторот*“ (Jordan, T. & Taylor P., 2004:1). Според нив, тоа е комбинација на широк политички протест и компјутерско хакирање. Лицата кои го изведуваат актот на хактивизам се нарекуваат хактивисти и истите функционираат во сајбер-просторот, притоа борејќи се за тоа што е технолошки возможно во виртуелниот живот, но и излегува од рамките на истиот тој свет употребувајќи дигитална моќ со која го обликува животот во реалниот свет“. Според Џордан и Тејлор, „социјалните движења и популарниот протест се составен дел на општествата во 21 век, а хактивизмот е електронски активизам“ (2004:1). Тие сметаат дека хактивизмот

настанал како резултат на ненадејниот и на моменти шокантен пресекот на три дивергентни струи: хакерство, информативно општество и современи форми на социјален протест и отпор.

Оваа нивно дефинирање на Хактивизмот важи и денес. Инаку хактивизмот се раѓа во моментот кога разните маргинално политички, социо-политички, терористички и други групации ја сфатиле моќта и улогата на технологија во современиот свет и колку е од витално значење комуникацијата што се одвива преку оваа технологија, посебно интернет и компјутерската технологија. Тоа претставувало шанса истите да извршат зголемена само-промоција и промоција на своите идеи, идеологија и резлизирани акции.

Со корени во хакерската култура и етика на хакер, целите на хактивизмот се често поврзани со слободата на говорот, човековите права или движењата за слобода на информациите, а лицата кои учествуваат во ваквите активности се нарекуваат хактивисти.

Терминот беше измислен во 1994 година од страна на член на Култот на мртвата крава (CDC). Поради разновидноста на значењето на неговите основни зборови (хакирање и активизам), хактивизмот понекогаш е двосмислен, и во јавноста постои значително несогласување околу видот на активностите и целите што ги опфаќа. „Хактивизмот" е исто, малку контроверзен термин и истиот содржи спротиставени значења. Зборот беше наменет за карактеризирање на директна електронската акција која оди во интерес на општествени промени преку комбинирање на програмски вештини со критичко размислување. Но, исто како што акциите може да придонесат позитивни, понекогаш истиот може да вклучи и активности со негативен резултат како на пример кибер-криминал. На овој начин се гледа негативната страна на хактивизмот, кој всушност посочува дека активизмот е штетен, деструктивен и ја поткопува безбедноста на Интернетот како техничка, економска и политичка платформа.

Џордан и Тејлор (2004), разликуваат 2 типа на хакери: Хакер и Кракер. *„Од средината на осумдесеттите години на минатиот век до денес, овие два термини се користат за да се опише лице кое нелегално се пробива во компјутерските системи на другите луѓе, иако не секогаш од малициозни причини“.* Џордан и Тејлор (2004:11-12).

Според нив, медиумите за масовна комуникација, како и оние кој не припаѓаат на компјутерското подземје не прават разлика меѓу Хакер и Кракер. Терминот Кракер, од страна на лицата кои припаѓаат на компјутерското подземје, како и оние на индустријата за компјутерска безбедност, го употребуваат за да именуваат лица кои ги вршат истите активности како хакер, но со негативни ефекти, Хакери се сите, но оние што вршат пробивање на компјутерски кодови, инфицирање компутерски и интернет мрежи, и други штетни активности со негативни последици се Кракери. Или, упростено кажано, Хакерите се добри, а Кракерите се лоши, иако обајцата ги поседуваат истите компјутерски вештини.

Хактивизмот често се смета за таинствен поради неговата анонимност, најчесто се припишува на работата на маргиналните групи и на осамените членови на општеството. За да ги реализираат своите операции, хактивистите можат да создадат нови алатки или да користат различни софтверски алатки достапни на Интернет. Од сите активности и алатки кои може да се искористат во хактивизмот, Анонимус најчесто ги користеле следните:

- **Протекување (Leaking):** Акт на протекување чувствителни и на друг начин заштитени информации за одредена организација информации што имплицира прекршоци или злонамерна практика, од инсајдерски извор кој делува во интерес на јавноста, односно да се откријат скриените лоши практики.

- **Doxing**: Практиката на објава на приватни и/или доверливи хакирани документи и записи, односно јавно идентификување или објава на приватните информации за (некого), особено како форма на казна или одмазда

- **Обезличување на веб-страница**: Хакер (и) се инфилтрира на веб-серверот на таргетирата страница за да замени одредена веб-страница со сопствена, обично за да пренесе одредена порака.

- **Пренасочувања на веб-страници**: Промена на адресата на веб-страницата во рамките на серверот, така што посетителите на страницата ќе бидат пренасочени на страница креирана од страна на сторителот.

- **DDoS:** Нападот за Одбивање на услуга (DoS-напад) е сајбер-напад во кој сторителот се обидува да направи мрежен ресурс или поединечна машина недостапни за своите наменети корисници со привремено или бесконечно прекинување на услугите на хостот поврзан на Интернет. Одбивањето на услугата обично се постигнува со преплавување на насочената машина или ресурс со излишни барања, во обид да се преоптовари системот и да се спречи исполнување на некои или сите легитимни барања. Кај дистрибуиран напад за одбивање на услугата (DDoS напад), напливот на сообраќај што ја преплавува жртвата потекнува од многу различни извори. Со тоа невозможно е да се запре нападот ако се блокира единствениот извор од каде доаѓа собраќајот.

Упростено кажано, DoS или DDoS напад личи на наплив на луѓе што ја затнуват влезната врата на продавницата, што им отежнува на вистинските клиенти да влезат притоа, со ова своја активност сите од еднаш да влезат, го оневозможуваат работењето на продавницита.

Следната слика дава графички приказ како се изведуваат нападите.




Криминалните извршители на DoS нападите најчесто ги напаѓаат сајтовите или услугите што се хостираат на веб-сервери од висок профил, како што се банките или порталите за исплата на кредитни картички. Мотивацијата која стои зад овие напади обично се одмазда, уцена и/или активизам

Обемот на DDoS нападите продолжува да расте во последниве неколку години, иако постојат софтвери и услуги кои го спречуваат истото.

На следната слика е илустрирана одредена моментална состојба во момент на напади следена преку јавната платформа Norse.




Во сите свои напади групата Анонимус ја користи програмата LOIC (Low Orbit Ion Cannon) и нејзината наследничка HOIC (High Orbit Ion Cannon) - програми, развиени од Анонимус програмери на порталот 4chan. Целта на програмата е со неа да може да делува дури и човек кој никогаш не се обидел да изврши DDoS напади. Единствено е потребно корисникот на програмата да воведе информации за целта и да почне нападот. Карактеристика на програмата LOIC е дека таа може да се поврзе со IRC-канал или Twitter, што овозможува да се координира сериозен напад врз серверот.

### 6.4.2.Социјален инженеринг

Социјалниот инженеринг е термин што се користи за широк спектар на штетни активности остварени преку човечки интеракции. Истиот користи психолошка манипулација за да ги измами таргетираните лица. Идејата зад социјалниот инженеринг е да ги искористи вродените карактеристики и емоционалните реакции на потенцијалната жртва.

Нападите за социјален инженеринг се случуваат во еден или повеќе чекори. Сторителот најпрво ја испитува таргетиранара жртва со цел да собере потребни информации за истата, пред се податоци кои се потребни за да продолжи со нападот. Потоа, напаѓачот се обидува да ја добие довербата на жртвата со што ќе придонесе до откривање чувствителни информации или давање пристап до критични ресурси на напаѓачот.

Техники кои се користат при изведба на социјален инженеринг се: Наведување, Техника на изговор, Кражба со правење диверзија, Фишинг (Рибарење), Quid pro quo, Техника на искористувње и друго.

Компанијата Касперски,[7] производителот на софтвер за компјутерска и интернет безбедност вели дека: „*Социјалниот инженеринг е начин на употреба на техники што ги користат компјутерските криминалци, а се дизајнирани да ги намамат несомничавите корисници да им ги испраќаат своите доверливи податоци, да ги инфицираат нивните компјутери со малициозен софтвер или да отвораат линкови до заразени страници.*“

6.4.3.Протести

Маршот на милион маски, првпат организиран на 5 ноември 2013 година, бил организиран против против активниот естаблишментот, корупција во политиката, за демилитаризација, против полициско насилство и други социјални теми со предзнак на демократија. Демонстрантите ја носат маска на Гај Фоукс и настанот се одвива истовремено во стотици градови ширум светот.



На 11 февруари 2012, повеќе десетици илјади лица, на кои им се приклучуваат и многу европски експерти, правници, новинари и политичари, протестираа на улиците на бројни европски градови, против контроверзниот меѓународен договор за заштита на интелектуалната сопственост на интернет - АКТА, кој, како што сметаат, ќе ја ограничи слободата на користење на мрежата и ќе ја зголеми можноста за контрола на граѓаните.

[7] https://usa.kaspersky.com/resource-center/definitions/social-engineering




Дел од учесниците во овие протести носеа маски на Гај Фокс од филмот „В како Вендета“, кои ја симболизираат хакерската група „Анонимус“. Европскиот трговски договор АКТА бара построго следење на заштитата на авторските права на интернет и на пазарот на информатичките технологија.

## 6.5. Институционалната реакција кон Анонимус

### 6.5.1.Институционални актери

Ако постои држава, таа мора да има институции, кои пак треба да го овозможат владеењето на тековниот општествен поредок преку правилата наречени закони.

Државите во светот, негативно го дочекаа феноменот Анонимус бидејќи им создаде проблеми во функционирањето на истите, нарушувања во банкарскиот систем, зголемен ангажман и развој на државни институции задолжени за безбедност и ред други активности кои државите ги третираат како негативни или криминални активности. Меѓудржавни институции како Интерпол ја зголемија оперативна соработка, дури и државни агенции од безбедносен карактер на разни држави соработуваа со цел да ги спречат разните напади вршени од Анонимус.

ФБИ на САД, како едно од поорганизираните, успеало да стигне до податоци кои ќе ја разоткријат мрежата што се крие под Анонимус.

На 07 јуни 2011 година Hector Xavier Monsegur, на интернет познат под псевдоним „Sabu“, самоук компјутерски експерт (хакер) за интернет безбедност, и еден од основачите на LulzSec, е посетен од ФБИ затоа што го открил неговиот вистински идентитет и го уценил со фактот дека или ќе оди во затвор и трајно ќе го изгуби старателството над неговите деца, или ќе стане информант на ФБИ. После овој настан, тој продолжил да работи тоа што го работел,

само во просториите, на опремата и под директен надзор, се на ФБИ. Во неговото интервју за ЦБС[8] објавено на 9 декември 2014 година, тој јавно дискутира за неговата промена на страната.

Иако во неговото интервју тој вели дека знаел дека бил под надзор неколку дена или неколку недели, но сепак тој само продолжи да го прави она за што го набљудувале, се поставуваат неколку прашања на кои во моментот, а можеби и никогаш нема да го дознаеме вистинскиот одговор.

Во состојба на вршење илегални дејства, нормално е, кога ќе се примети нешто што наликува на набљудување, сторителот на илегалното дејство да изврши прикривање на трагите (бришење на хардисковите и акантите) со цел да не биде фатен во реализација на недозволени активности и да заврши во казнено-поправна институција, посебно кога имаш семејство и деца со себе. Но, тој не сторил ништо. Затоа, голем број од коментарите на интернет по тој повод, а се однесуваат на тоа дека Сабу можеби од самиот почеток работел за ФБИ или самиот изразил желба да биде информант со цел да стекене одредена надокнада во финансии (како плата или вработување) и/или ослободување од кривично гонење, се оправдани.

ФБИ потоа успева да ја открие мрежата на дел од главните активисти на Анонимус и поголем дел од нив да ги предаде на судските органи, кои ги процесираат и ги упатуваат на издржување на затворски казни.

Случајот со Сабу, откри една димензија на реалноста и која само фрла сомнеж на искреноста на повеќето социјални движења во светот: Дали социјалните движења се спонтан револт и агрегација на незадоволни граѓани (види поглавје 4 за елементи на социјалните движења) или истите се системски организирани, инструирани и иницирани општествени феномени со конкретна политчка, политикантска и социо-политичка цел.

Можеби во некое друго научно дело, некој може да направи паралела на активностите на Анонимус со политиката на државата (САД) и нејзините институции кон било која земја/корпорација во даден момент. Постои простор и силни индикации дека има голема поврзаност, а со тоа и инструираност, меѓу активностите на Анонимус и политиката на САД, но тоа не можеме да го потврдиме во овој момент бидејќи, едно, тоа не е тема на овој труд, а друго, без темелна анализа нема правилен заклучок.

И во другите држави во периодот 2011-2017, уапсени се значителен број на хактивисти, кој за жал не можеше точно да се утврди поради тоа што не се во целост објавени податоците на сите хактивисти. Секоја држава по различен основ апсела хактивисти и ги процесирала понатаму, така што сликата и активностите на Анонимус во дадениот период се намалуваат на значително ниво.

[8] https://www.cbsnews.com/news/anonymous-hacker-hector-monsegur-turned-fbi-informant-breaks-silence/

### 6.5.2. Реакции на македонските институции

Протокот на интернет сообраќај во Македонија е контролиран од државните служби, односно интернет сообраќајот има една влезна и излезна точка (чвор) преку кој поминува секој интернет сообраќај кон и од Македонија. Иако е точно утврден протоколот за пристап до овој ресурс, тоа не значи дека не постои строга контрола на државата над интернет сообраќајот во Македонија. Општественото-политичко милје на Република Македонија во тој период на најголема активност на феноменот Анонимус не поддржуваше простор за активно вклучување во методите за акција што Анонимус ги спроведуваше низ целиот свет. Можностите за масовно користење на интерент инфраструктура не само што беа ограничени туку и секој обид за акција се сопирал на самите почетоци, односно била прекината можноста за изведување напад над цели надвор од територијата на државата. Мала територија обично не може да предизвика голема штета, освен ако нема целосна либерализација во тој простор. А, Македонија ја нема таа либерализацаја во интернет сообраќајот, а и има голема линвистичка бариера за вклучување на индивидуи желни за општествена акција на светско ниво. Затоа, меѓу другото (немање соодветна критична маса за активност) идејата за Анонимус остана само надворешна информација која нема можност да се реализира.

Нашиот општествен простор е преплавен со дневно-политички и малограѓански ориентиран медиумски материјал кој, намерно или не, не дозволува слободно или поинакво мислење од она што застапено како тековна политичка опција. Можеби некој ќе каже дека тоа личи на заглавеност во време и простор, и притоа ниту еден збор од тоа нема да биде лага, но тоа е навистина тешко да се промени, посебно имајќи предвид дека во последно време и државните институции беспокорно се потчинети на самовластието на лица кои демонстрираат власт вон законските рамки, а за тоа неможе да им се изречат санкции затоа што државните институции повеќе личат на партиски штабови полни со неспособни и професионално-неписмени послушници, а државните органи на прогон и безбедност, како партиска полиција која повеќе се грижи за стајлингот на шефот отколку за фаќање вистински криминалци (секоја чест на исклучоците).

### 6.5.3. Државните институции за безбедност и Социјалните движења

Тајните служби се дел од општественото милје на воспоставување и одржување на тековниот општествен поредок. Улогата на тајните државни служби во создавањето на социјалните движења, како и насочување (читај, злоупотреба) на тековните и активни социјални движења е голема. Тоа е непобитен факт, кој денес, со лесното распространување на

информациите преку интернет, посебно оние на безбедносните служби што протекоа во јавност (види: www.wikileaks.org), но и улогата на „Сабу“ во целата приказна со Анонимус, јасно сугерираат на тоа.

Влијанието на тајните служби во активностите на социјалните движења, каде и да се во светот, никогаш не се намалило или исчезнало и нема никогаш да престане да постои.

За да се согледа ова тврдење треба да се промени методолошкиот пристап во проучување на социјалните движења. Социјалните движења не се издвоен феномен од општествено-политичката сфера и арена во една држава (гледано на микро ниво) или пак на интернационално (каде судирите на ресурси се огромни, исто како и нивниот влог), и не може наивно да се очекува дека државните (па и приватните) институции пасивно ќе ги посматраат случувањата кои им ја одредуваат иднината на истите овие институции и кадри кои се вработени во нив. Тајните служби на државите се активен учесник во сите фази на раѓање, живот и смрт на опшстевените движења, барем денес, ако не и порано.

Можеби некој не може во целост да го контролира одредено социјалното движење, но затоа пак може да му даде сосема друга насока од предвидената и очекуваната од страна на нејзините учесници, со внесување на елементи кои може да влијаат врз идеолошката матрица на движењето или врз мотивацијата на водечкиот тим.

Со други зборови, агенциите за безбедност, во случајот со Анонимус извршиле правилна идентификација на слабите алки во синџирот кој го сочинувал движењето и со прецизен напад на клучните лица, со помош на закана (секако!), успеале да ги придобијат како информатори кои потоа одработувале за потребите на агнциите за безбедност, а против Анонимус. Првично тоа се направило со идентификација (местени ситуации во кои се открива вистинскиот идентитет) на лицата кои се едни од формалните и неформалните лидери на групите, подгрупите, или пак самостојни индвидуални идеолошки лидери, за потоа да се премине кон апсење на неколку од нив за кај другите да предизвика страв и да престанат со активностите насочени кон социо-политички активности.

Денес социјалните движења, станува поочигледно, дека почесто биваат инструирани, дека на нив државните органи задолжени за ред и мир делуваат, ги помагаат/овозможуваат или пак ги минираат нивните напори за успех, ги наведуваат во насока која не му е од корист на движењето и луѓето што го поддржуваат, односно во насока која е во полза на постојниот државен поредок. Учеството на странски служби во формирањето и насоките на социјалните движења во изминатиот и овој век, е несомнено битен фактор кој тешко може да се идентификува во директен соодност при проучување на појава на конретно движење, но како што одминува време, од една дистанца, со добро и темелно проучување на фактите, факторите и влијанијата лесно ќе се дојде до заклуочк дека без финансиски средства, медиумска и

човекова логистика тешко ќе се покрене некое социјалното движење. Едноставно, идејата е во никаква или многу тешка позиција за да биде раширена кон соодветните, односно правилните, општествени групи кои може да помогнат во создавање и водење на одредено социјалното движење ако нема соодветни ресурси. А ресурси имаат само државите и приватните компани. Пред се финансиски.

Како што постојат провокатори кои имаат за цел да предизвикаат инциденти на масовни собири кога одредена власт сака да го злоупотреби некое општетвено движење, така постојат и најмени/платени лица (односно, лица со посебна задача/наредба) кои промовираат ектремни идеи на кои се „лепат" лица со искрени (иако често погрешни) ставови за нештата. Но, ова се симнува на индивидуално ниво, и ги засега лидерите, односно групата која раководи со движењата.

Во периодот 2015-2017 медиумите зборуваа за системите за вештачката интелигенција и нејзината употреба во општеството, како и опасностите од нејзината можна злоупотреба во општеството од страна на владите, оние понапредните, и потоа таа дискусија заврши во јавноста. Тоа со сигурност не е отфрлено, туку е најдена нејзина примена во масовна уптреба за контрола на сопствените граѓани, како и оние странските кои се висок ризик за постојното општествено-политичко (но и економско) уредување. Современите напредни држави и општествени системи имаат механизми и организации за контрола и надзор над своите граѓани. Ако порано беа потребни армија луѓе, денес тоа се сведува на армија суперкомпјутери кои се ангажирани во спрега да ги анализираат личните податоци и траги што луѓето зад нив ги оставаат преку интернет или другите електронски уреди кои секојдневно или повремено ги користат, а кои гледаме се повеќе се предмет на напад. Овие системи се раководени од вештачка интелигенција создадена со посебни намени и задачи. Големите ресурси што овие системи за вештачка интелигенција ги изискуваат, посебно во доменот на ладење заради обработка на податоците што се примаат се лесно достапни во природата, во ладните предели на земјината топка кои се во владение на поголемиот дел од државите кои се сметаат за столб на современата западна цивилизација. Вештачката интелигенција, за која многу од големите умови на денешницата (некои само така сакаат да се претставаат во јавноста) сметаат дека ќе биде следната сила која ќе врши контрола на човештвото. А таа нема да биде достапна за населението, туку за државните органи или за корпорациите кои имаат цел, пред се, одржување на контрола и на ред преку постојната законска рамка на политичкиот систем и уредување.

## 6.6. Анонимус денес

Повеќето лица што беа од самите почетоци во Анонимус или се уапсени или издржуваат затворски казни во согласност со прекршокот што го направиле. Но исто, еден дел од овие хатктивисти веќе е излезен надвор од казнено-поправните инстуции на системот каде живееле. И тие, обично по излегувањето на слобода имаат забрана да бидат во присуство на компјутер или друг електронски уред кој е поврзан на интернет, или пак да ракуваат со исто таков уред, во добар дел од годините на адаптација по издржување на казната.

По појава на Анонимус, интернет безбедноста не се зголеми, туку напротив. Скоејдневно се појавуваат хакерски групи кои редовно крадат податоци од разни бази на државни институции, банки и големи приватни фирми. Логично прашање е каде тие завршуваат и како се користат, но за тоа нема некоја анализа ниту истрага во јавноста.

Покрај ударот нанасен од внатре (види за Сабу, погоре) Анонимус во годините што следат се соочува со дополнителен предизвик – тивката борба за превласт во движењето Анонимус меѓу разните групи кои партиципирале во Анонимус, проследени со разни местенки и директна пресметка меѓу групите на разни основи (етничка, расна, национална, религиска).

Во онлајн анализата на (Singleton, 2019) од Security Intelligence кој е поддржан од IBM, за извештајот „X-Force Threat Intelligence Index 2019"[9] потенцирани се вознемирувачките трендови во сајбер безбедност, вклучително и пораст во известувањето за ранливост, напади за крадење на криптовалути и напади врз организации за критични инфраструктури. Сепак, трендот на закана од хактивизам (субверзивна употреба на уреди и мрежи поврзани со интернет за промовирање на политичка или социјална агенда - како што го дефинира авторот на текстот) е во значителен пад.

9 https://securityintelligence.com/posts/the-decline-of-hacktivism-attacks-drop-95-percent-since-2015/




(Извор: Security Intelligence, Синглтон, Камила 2019. Преземено од IBM X-Force Data, 2015–2018)

## 7. Социо-културни импликации на феноменот Анонимус

Анонимус е општествен феномен кој остави силен печат на времето во кое истото движење беше најактивно. Она што може да му се препише на Анонимус е што со активностите:

- ја промовираа и подобрија перцепцијата за општа потреба од почитување на личната приватност, заштитата на човековите права и слободи, но и силата на индивидуалната акција;
- ги разнишаа столбовите на автократските влади, но и нивните конспиративни органи и институции за внатрешна безбедност. Корпорациите кои своето успешно работење го должат на прекршување на законите, лагата и измамата го почуствуваа горкиот вкус на таквиот пристап што подоцна резултираше со зголемен акцент на контролата на сопственото работење. Многу од скриените тајни и договорени сцени за јавноста, беа изнесени на виделина, и нечесното работење ја намали вредноста на истите за одреден период;
- направија промоција на интернет комуникацијата, со што луѓето побрзаа храбро во користење на технологијата за да ги задоволат своите апетити за информации;

- директно придонесоа за намалување на вредноста на информацијата што произлегува од класичните медиуми, а кои во реалноста не се независни туку секогаш имаат некој цензор или уредувачка политика која е во согласност со барањата на некоја политичка опција или корпорација, притоа штитејќи го капиталот и постојниот социо-политички и социо-економски поредок. Вредноста на традиционалните медиуми е доведена во прашање како резултат на откривање на нечесниот пристап во јавната сфера и лажното декларирање за професионална независност.

- создадоа јасна јавна визија за потребата од креирање и одржување соодветни безбедносни системи кои ќе помогнат да се развијат вистинските механизми што би овозможиле самоодржување на постојните социо-политички околини во кои, можеби, се заробени индивидуите кои ја бараат правдината, демократијата и слободата. Со други зборови, интернет безбедноста е издигната на ниво на национална безбедност, заедно со внатрешната и надворешната безбедност.

- создадоа историја која регистрираше силна културна продукција на видеа и медиумски приказни, па дури и филмови, кои претставуваат појдовна точка за сите оние што како млади почнуваат да ги откриваат тајните на реалниот свет преку компјутерскиот екран. Со други зборови, во одреден момент создадоа културен филтер кај младите за приклонување кон компјутерската технологија и активно учење за нејзина примена, па и усовршување. Популаризираната идеја „Супер е да се биде Хакер" е една од тие премиси – водилки кои го детерминираат не само културното милје на современиот свет и младина (па дури и нивните родители) за храбро да се втурнат во интернет комуникацијата, туку даваат и модел на културно однесување што во прво време вљубениците во ИКТ го практикувваат пред да ги осознаат вистинските граници на интернет.

Лицата кои се приклучувале на Анонимус се обично, индивидуи кои:

- Најважно, и пред се – имаат одлично познавање на компјутерската и интернет технологија, програмирање, но и користење на социјални вештини преку социјални медиуми
- Се наоѓаат надвор од социо-економскиот и политички систем, односно покажуваат неконформизам со постојните општествени и политички групи на дадена територија, односно имаат поразлично мислење за проблемите во општеството и не трпат неправда

- Се претежно млади лица кои сеуште немаат оформено социо-политички ставови во општеството
- Лесно подводливи за акција, бараат возбуда, социјална стимулација
- Лица кои немаат соодветно универзитетско образование (претежно самоуки)

Сите овие карактеристики на лица претставуваат огромна закана за било кој општествен систем затоа што истите, најчесто, се надвор од образовниот систем кој пак, ги тренира индивидуаите како да се вклопат во општествто, односно им всадува матрица на однесување која им го олеснува патот во животот.

Овие лица кои поседуваат вештини кои во даден момент може да бидат активирани и злоупотребени во криминални или политички цели се најголемиот кошмар на сите безбедносни структури кои се грижат за одржување на постојниот социо-политички и економски поредок.

Културата на ширење на Хактивизмот ја чинеше светската економија, и сеуште ја чини, неброени милијарди долари штета заради слабите компјутерски системи, упади, крадење податоци и средства од банкарски сметки, а понекогаш и националната безбедност е загорзена.

Анонимус иницирал и предизвикал социјална акција која мотивирала многу млади лица, до свои 25 години, активно да работат на самоизградување на комјутерските и интернет вештини, но и да се вклучат во активности со прикриена социо-политичка димензија.

Денес владите се способни со помош на вештачката интелигенција да ги идентификуваат интересите на лицата кои пребаруваат информации на интернет. Според тоа што ве интересира и според коментарите и „лајкувањето" на содржини, некој (на пример: корпорациите и ограните на прогонот) може да ги идентификува потенцијалните проблематични прашања кои може да го загрозат тековниот општествен поредок. Дополнително, членовите на Анонимус редовно користеле социјални медиуми и врз основа на тоа биле идентификувани и уапсени од FBI.

Целата приказна со Анонимус има голема безбедносна димензија, сајбер безбедноста, или безбедноста на Интернет. ФБИ користи доушник за да иницира акции кои имаат општествени и социо-политички предзнак. Таа врши заведување и наведување на лица да извршат криминален акт, доколку се склони кон тоа. Односно преку наведување на лицата со компутерски вештини да влезат во тнр. „сива зона" на компјутерско делување, ги идентификува индивидуи кои може да претставуваат потенцијален проблем за „системот". Со помош на доушник, уапсени се главните идеолози, па и двигатели на движењето Анонимус.

Следен битен елемент во целата оваа „Анонимус“ приказна со ФБИ е тоа што ФБИ на САД, преку Анонимус изгледа дека директно влегува во дневно-политичката борба во САД, а потоа и низ целиот свет, со што:

- политички го едуцира идното гласачко тело во САД;
- создава идно гласачко тело кое го влече од неутралните и незаинтересирани за дневна политика млади лица;
- врши мобилизација на потенцијални гласачи (студенти, расно и економски маргинализирани лица), односно врши градење на политичка сила која може да биде употребена во дневно-политички цели;
- идентификува субјекти кои може да бидат некои од скриените хакери што е тешко во нормални услови да бидат откриени;

Гледано од друг аспект, телото (масата на млади лица) за протести (разните движења како Окупирај, Црните животи се важни, ЛГБТ итн) кое се создаде и учествуваше на демократските протести ширум САД во времето на владеење на демократите, главно против начинот на однесување во духот на традиционализмот и авторитаризмот создаде критичната маса на млади лица која е возрасно зрела, подготвена, уиграна и политички индоктринирана против традиционалистичките вредности застапувани од Републиканците и конзервативците (вклучително и десните радикали), расистите, религиските вредности и институции, и етно-трибалистичките лидери, во самата држава, па и надвор од неа.

Кога внимателно ќе се разгледа временската рамка на активности, како и целите и намерите на нападите што се извршени под сенката на Анонимус, симптоматично се појавуваат траги на поврзаност на борбата за демократија и притаеното поддржување на американската надворешна и внатрешна политика во корист на Демократската партија. Со доаѓањето на власт на Трамп и промена на администрацијата, посебно ФБИ опаѓа и активноста на Анонимус, а со тоа се зголемува веројатноста дека некој од државата (САД) бил силен двигател на активностите на Анонимус.

Секогаш постои манипулација на социјалните движења, посебно од страна на промоторите на глобализмот, дали се работи за глобален феномен на поврзување на антиглобалистите, дали од самите влади преку скриена поддршка за создавање на движења кои имаат за цел да го канализираат гневот и фрустрациите на лицата кои не се задоволни од тековната општествена и социо-економска состојба во државата.

## 8. Социјално и/или културно движење или не

За да се разбере суштината на феноменот Анонимус, како и социо-политичката интеракција која се одвива со помош на интернет мора да се разјаснат некои современи движења и активности кои во суштина успеаа да извршат одреден степен на општествена мобилизација на силите кои се незадоволони од одредени состојби во современото, пред се, западно општество и кои сметаат дека мора да се направи чекор повеќе за да се подобрат работите пред технологијата да воведе индиректна тоталитарстичка опструкција, ако не окупација, на слободниот ум и акција.

Разните групирања/здруженија/асоцијации/друштва итн. кои се формираат во општеството, а се потпираат на интересот заради кој се формирани, без оглед на нивната структура, употребуваат современа технологија за интерна но и екстерна комуникација. Во континуитет, сите овие настојуваат да стекнат што е можно повеќе членови/симпатизери за да имаат соодветен посакуван степен на моќ во општеството, како би успеале да го добијат она за што се создадени.

За да бидеме на чисто, Анономус како оганизација, формална структура, не постои. Туку тоа е плашт, параван, широко социјално движење, зад кое се прикриваат хактивистички групации и индивидуи кои се согласуваат со идејата за заедничка социо-политичка акција кон одреден субјект што е одбран за цел. Улогата на Анонимус е сосема поразлична од она што е познато во делот на формалните организации. Анонимус не е формална структура, организација, но сепак е движење насочено кон остварување на одредени општествени (а, не ретко и политички) цели.

Анализирајќи го развојот на настаните и акциите на Анонимус, може да се воочи дека некои од лицата кои учествувале во него, од ентузијастички или можеби од утилитаристички побуди, пробале Анонимус да го направат Организација на Социјално движење, но не успеале во тоа затоа што истото претставувало преголем залак кој бара едноставно добра организација што се рефлектира во поставување повеќе правила и структури во движењето, добра мотивација на членовите со опиплива награда за учесниците, но и согласност од сите актери, пред се посебните Анонимус и други хактивистички групи.

Да се навратиме на одговорот на основното прашање: Што е тоа што овој феномен го прави социјално движење?

Анонимус се смета за неформален збир на поединци или групи вклучени во одреден општествен конфликт. Следно е, што Анонимус е составен од неколку групи кои меѓусебно биле поврзани во неформални мрежи на соработка по различна основа, кои пак соработувале со други групи и движења. Со прифаќањето на логото (безглавиот човек во одело - види погоре) и

насловот „Анонимни“, јасно се поставиле правилата за формирање колективен идентитет. Истиот тој идентитет подоцна е демонстриран (прикажан) при протестите каде учесниците ја носат маската на ликот Гај Фоукс во насока на изразување на согласност со целите на акцијата што се одвива во моментот.

Целите на Анонимус биле насочени кон исправање на неправдите што одредени лица или институции им ги нанесуваат на други исти такви субјекти, а методот употребен при оваа активност вклучувал уцена, хакирање и објава на акти на прикривање илегални општествено-штетни дејства. Маската носена на протестите, како и целата таа иконографија околу сопствената презентација во јавноста е битен елемент на Социјалните движења.

Тоа е социјално движење, бидејќи се фокусира на општествени проблеми, а не на политички платформи и идеологии, како политичките партии. Исто се смета дека е социјално движење затоа што врши влијание врз други лица и привлекува не само симпатизери туку и го зголемува бројот на учесници во своите активности (неформално членство).

Изведува координирани напади на договорени цели и мобилизира солидарност со други социјални движења. Марширањето и пеењето е заменето со објава на видео на интернет каналот Јутјуб, додека петициите се составени и потпишани од од самите учесници при изведување на DDoS напад врз таргетиранта цел.

Истрајноста во учеството, како и привлекувањето на нови членови/учесници во движењето, како на пример шофери на автобус, студенти, ученици, ИТ експерти, невработени и многу други категории на компјутерски писмени лица, претставува значителна карактеристика на социјалните движења.

Анонимус како социјално движење, има значителен придонес во промена на културните модалитети на живеење на своето време и тоа во смисол на употреба на комуникациската интернет технологија за лични и бизнис цели.

Перцепцијата за Анонимус како социо-културно движење се должи на печатот на своето време што е оставен од страна на Анонимус во чинот на мотивација на лица да го прифатат тој начин на живеење и однесување, но и учеството во процесите на менување на општеството, како во културата, така и во комуникацијата. Пример за тоа се поквалитетните и пософистирани хакерски напади во смисол на екстракција на податоци, но и штетата која е предизвикана притоа.

Интернет безбедноста на индивидуално ниво, заштитата на личните податоци, свеста за можната нечија злоупотреба преку интернет и ред други безбедносни аспекти спаѓаат во доменот на социо-културно однесување на индивидуите, но и корпорациите Благодарение на

активностите на Анонимус се појавува зголемена потреба за интернет безбедност на корпоративно ниво, посебно кај фирмите кои работат со осетливи и лични податоци.

Воедно, со активностите на активистите на Анонимус создадени се нови зборови кои произлегле од активноста на хактивизмот и хакирањето, но и употребата на компјутерската и интернет технологија во целите на Анонимус. Хативизмот како културно однесување стана се популарен начин на кој се обидува некој да стигне до податоци, посебно младите лица. Хактивизмот и кибер културата, произведоа зголемен интерес за социјалните медиуми, а со тоа и програмирањето апликации за мобилните телефони. Културните модалитети на тинејџерско бунтување денес се пренесуваат во сферата на интернет, каде се експлоатираат ранливите аспекти на социјални медиуми, но и сајтовите на други правни субјекти, не толку заради финансиска корист, туку повеќе заради лична сатисфакција за успех во ангажманот. Од тоа после произлегуваат способни идни специјалисти за интернет безбедност.

Од трета страна, можеби и најважна, скриената улога на ФБИ е всушност битниот момент кој изгледа, преку доушникот Сабу, ги дефинира акциите и целите одбрани при хакирање што го реализираат Анонимус. Излегува дека, иако ФБИ е организација која ја третира домашната безбедност, таа сепак превземала превентивни дејства кон потенцијалните идни проблеми поврзани со сајбер безбедноста, а кои засегаат поголем број на граѓани на САД (доколку се украдат информации од различни бази на податоци и истите станат достапни за јавноста). Одејќи понатаму, не е ниту искрена, ниту наивна улогата на истите тие Анонимус во Арапската пролет, каде се поддржуваат групите кои ги рушат своите општества и социо-политички системи (колку и да се трули и тирански), за потоа да се инсталираат сомнителни екстремистички групации и организации кои дополнително го тероризираат локалното население.

Кога ќе се размисли подлабоко, поддршката за Асанж, како и поддршката за протести во сите градови на светот (Маршот на милион маски), можеби е шанса за тајните служби на државите каде има хакерски активности да ги идентификуваат лицата кои не се согласуваат со политиката за казна на свиркачите, односно го поддржуваат активностите за соборување на режимите во нивните држави, или пак промовират демократски процеси и борба за слобода, притоа политички едуцирајќи и тренирајќи млади способни лица да станат дел од про-демократските политички кругови на локално ниво, во своите држави.

Носењето на маската на Гај Фоукс на протести, а која во услови на социо-политичка криза (како на пример кога полицијата на протестите во Хонг Конг на крајот од август/почеток на септември во 2019 година ги прскаше демонстрантите со вода со сина боја за полесно да ги идентификува и апси) може да помогне на органите на прогонот полесно да идентификуваат

кого треба да следат и надгледуваат како иден потенцијален субјект кој може да изврши хакерски напади или да ја загрози националната безбедност и тековниот општествен поредок.

Дополнително, ако е точна претпоставката дека ФБИ се впушта во активности кои се во надлежност на ЦИА (надворешната безбедност), и притоа користејќи методи, и ресурси кои се на значително далеку пониско економско-финансиско ниво отколку дококлку би се користеле истите на ЦИА, тогаш има голема промена во начинот на функционирање на тие безбедносни служби чиј ефект не се чувствува само на државно, туку и на меѓународно ниво. Освен тоа, нели, доколку мрежите на ресурси на ЦИА не се видливи во акција, а се работи за акција надвор од САД, тогаш лесно може да се отстрани прашањето за вмешаност на САД во сите овие, условно кажано „Процеси на демократизација" во блискоисточните и другите земји во светот, но и во самите САД.

И на крај, мора да се има предвид и фактот дека историјата забележала дека активностите на социјалните движења се (зло-)употребуваат како метод за ослободување на притисокот во општеството, како средство за манипулација на незадоволството од неправедностите на капитализмот и прераспределба на богатството во општеството или социо-политичкото милје на државата.

## 9. Заклучок

Во современиот свет демократијата стои под големата сенка на интерпункцискиот знак прашалник. Властите во државите не испуштаат ништо и никого од раце. Ако им се случи инцидент, тоа се само „слободни стрелци" или како што мејнстрим медиумите ги именуваат „ќелии" што успеале да избегаат од радарот на властите и притоа да посегнат по акција која штетно влијае врз тековниот социо-политички поредок на одредена територија. Но, ако се случи настан од големи размери, социјално движење кое има одредена цел, особено социо-политичка цел, тогаш може да се проблематизира тврдењето дека истото е резултат од спојот на критична маса (наелектризирано јавно мислење) со општествено-политички и економски услови.

Прераснувањето на Анонимус во социјално движење, а кое ги има сите елементи и на социо-културно движење, и одлуката и улогата на некои од лидерите да соработуваат со државните служби на безбедност, а со цел да си го осигураат своето место надвор од судскиот и казнено поправниот систем, односно да не бидат судски и правно процесирани за незаконските активности што ги извршиле при активностите на учество во хакерските напади

за потребите на Анонимус, но и пред тоа, претставува токму битниот факт кој всушност го пренасочил целиот фокус на овој труд.

Со придобивањето на еден од главните лица во Анонимус, ФБИ всушност индиректно управува со Анонимус и истото социјално движење го користи во цели на тековната политичка елита во САД, односно за потребите на нејзината внатрешна и надворешна политика. Со други зборови, ФБИ си поседувало социјално движење.

Феноменот, или социјалното движење Анонимус, иако така изгледа, не е еднократен феномен кој неповратно се појави и повеќе нема да може да се врати, туку повторно може да се издигне како социјалното движење кое, како и првичното, ќе има за цел потенцирање на Личните права и слободи на Граѓанинот, правото на поединците да не бидат следени, манипулирани и контролирани од корпорациите, државните институции и останатите латентни организации од цврст и лабав карактер.

Тоа што се маскира зад феноменот, како на пример криминалните дејства на поединци, државната контрола над граѓаните, најмените политички активисти во чија сенка стојат економски интереси на мали интересовни групи, индивидуи или корпорации нема да престане да биде пропратен негативен ефект на ваквиот активизам кој лесно прераснува во конгломерат за краток временски период.

Во ерата што следи, ерата на транспарентни лични и приватни вредности, ерата на дигитална контрола врз индивидуалноста и потчинетост на основните човекови права, борбата за слободно изразување и анонимно организирање за колективна општествено – политичка цел која треба да донесе позитивна општествена промена, се очекува да стане модел за идно општествено делување. Можеби не со истите методи како Анонимус во периодот 2008-2017, но несомнено ќе најде начин како да се манифестира и нема лесно да исчезне бидејќи ќе се базира пред се на идеји кои се универзални и се однесуваат на човечкото битие како такво.

Идејата за слобода и правото на анонимност (и избор без страв од последици) во социо-политичкото делување за унапредување на општеството и општествените односи е фрлена во воздух, историјата е испишана, правилата на игра се поставени. Само прашање е кога Аномимус повторно ќе се реактивира и каде. А учесниците во движењето Анонимус, да не заборавиме (!), велат: Ние сме Анонимус. Ние сме легија. Ние не простуваме. Ние не заборaваме. Очекувајте не.

**Библиографија**


Achcar, Gilbert (2012). The Bouazizi Spark: The Beginning of a Long Revolutionary Process. January. http://english.al-akhbar.com/content/bouazizi-spark-beginning-long-revolutionary-process.

Alexander, P., C. Runciman, B. Maruping (2016). The Use and Abuse of Police Data in Protest Analysis. SA Crime Quarterly 58: 9–21. http://www.scielo.org.za/ pdf/sacq/n58/02.pdf.

Almeida, Paul, Allen Cordero Ulate, (2015). Handbook of Social Movements Across Latin America. New York: Springer

Anonymous, Twitter објава: (12.05.2014, 11:52ч) http://twitter.com/blackplans/status/465897377468260352, достапно

Anderson, Monica, Paul Hitlin (2017). The Hashtag #BlackLives Matter Emerges: Social Activism on Twitter. http://www.pewinternet.org/2016/08/15/thehashtag-blacklivesmatter-emerges-social-activism-on-twitter/. Достапно (01.12.2017).

Andor, Laszlo, and Martin Summers (1998). Market Failure: A Guide to the East European "Economic Miracle". London: Pluto Press.

Andrews, Kenneth (2004). Freedom Is a Constant Struggle: The Mississippi Civil Rights Movement and Its Legacy. Chicago: University of Chicago Press.

Berberoglu, Berch (2017). Social Theory: Classical and Contemporary: A Critical Perspective. New York: Routledge.

Barker, Colin (2008). Revolutionary Rehearsals. Chicago: Haymarket Books.

Barker, Colin, Laurence Cox, John Krinsky, Alf Gunvald Nilsen, (2014). Marxism and Social Movements. Chicago: Haymarket Books.

Bartlett, J. (2014). The Dark Net: Inside the Digital Underworld. London: William Heinemann

Beams, Nick (1998). The Significance and Implications of Globalization: A Marxist Assessment. Southfield, MI: Mehring Books.

Bennett, Jane (2001). The Enchantment of Modern Life: Attachments, Crossings, and Ethics. Princeton, NJ. Princeton University Press

Burford, Caitlyn M. R. (2013) ANONYMOUS AND THE VIRTUAL COLLECTIVE: VISUALITY AND SOCIAL MOVEMENTS IN CYBERSPACE. MA Thesis, Northern Arizona University,

USA. Достапно на https://media.proquest.com/media/pq/classic/doc/3197679241/fmt/ai/rep/NPDF?_s=Myp55QNXUqMdFW9oJT8XMsLPyWI%3D

Carty, Victoria (2015). Social Movements and New Technology. Routledge.

Coleman, G. (2014). Hacker, Hoaxer, Whistleblower, Spy: The Story of Anonymous. London: Verso.

Chesters, G.& Welsh, I. (2006). Complexity and Social Movements: Multitudes at the edge of chaos. New York: Routledge.

Chen, Adrian (2012). Former Anonymous Spokesman Barrett Brown Indicted for Sharing a Link to Stolen Credit Card Data. www.gawker.com. достапно (7.12. 2012)

Crossley, N. (2002). Making sense of social movements. Bukongham: Open University Press

Della Porta, D. Ed., (2009). Democracy in Social Movements. Palgrave Macmillan

Della Porta, Donatella, (2007). The Global Justice Movement: Cross-National and Transnational Perspectives. Paradigm Publishers.

Della Porta, D. & Diani, Mario (2006). Social movements: an introduction, 2nd ed. Blackwell Publishing

Della Porta, Donatella, & Tarrow, Sidney, (2005). Transnational Protest and Global Activism. Lanham, MD: Rowman and Littlefield.

Engler, Mark & Engler, Paul (2016). This Is an Uprising: How Nonviolent Revolt Is Shaping the Twenty-First Century. New York: Nation Books.

Fuchs, Christian (2006). The Self-Organization of Social Movements Systemic Practice and Action Research, Vol. 19, No. 1, February 2006. Достапно на 22.12.2018 (00:00ч) на http://fuchs.uti.at/wp-content/uploads/SM1.pdf

Goodwin, Jeff & Jasper, James M. (Eds.) (2015). The social movements reader: Cases and concepts. Willey Blackwell, UK

Greenwald, Glenn (2014). No Place to Hide: Edward Snowden, the NSA, and the U.S. Surveillance State. Metropolitan Books, NY

Jasper, James (1999). The Art of Moral Protest. Chicago: University of Chicago Press.

Johnston, Hank (2014). What is a Social Movement? Polity Pess, Cambridge.UK.

Jenkins, J. C. & Klandermans, B. (2005). The Politics of Social Protest: Comparative Perspectives on States and Social Movements. Minneapolis: University of Minnesota Press

Jordan, T. & Taylor P. (2004). Hacktivism and Cyberwar: Rebels with a Cause? New York: Routledge.

Joyce, Mary Ed., (2010). Digital Activism Decoded--The New Mechanics of Change. IDEBATE Press

Karatzogianni, Athina (2015). Firebrand Waves of Digital Activism 1994-2014: The Rise and Spread of Hacktivism and Cyberconflict. Palgrave Macmillan, UK

Knight, William (2018) Anonymous: a social movement. PhD thesis, University of Nottingham, UK. Достапно на http://eprints.nottingham.ac.uk/46804/1/Full%20Thesis%20-%20William%20Knight%20-%20psxwk2.pdf

Lentin, A (2004). Racism and Anti-Racism in Europe. London: Pluto Press.

Lentin, A (1999) 'Structure, Strategy, Sustainability: What Future for New Social Movement Theory?' Sociological Research Online, vol. 4, no. 3. Достапно (22.12.2018, 00:00ч) на http://www.socresonline.org.uk/4/3/lentin.html

Laszlo, A., Summers. M. (1998). Market Failure: A Guide to the East European “Economic Miracle”. London: Pluto Press.

Markoff, J. (2015) Waves of Democracy: Social Movements and Political Change. 2nd Edition. University of Pittsburgh, USA.

Маршал, Г. (2004). Речник по социологија. Книгоиздавателство Ми-Ан, Скопје, Република Македонија.

Melucci, Alberto (1980). The New Social Movements: A Theoretical Approach. Social Science 19: 199–226.

Olson, P. (2013). We Are Anonymous: Inside the Hacker World of LulzSec, Anonymous, and the Global Cyber Insurgency. New York: Little, Brown and Company

The Editors of Salem Press (2011). Sociology Reference Guide: Theories of Social Movements. Pasadena, USA. Salem Press

Sauter, Molly (2014). The coming swarm: DDoS actions, hacktivism, and civil disobedience on the Internet. Bloomsbury Academic, UK & USA

Sennet, Richard (2012). The Rituals, Pleasures and Politics of Cooperation. New Haven, CT: Yale University Press.

Singleton, Camille (2019). The Decline of Hacktivism: Attacks Drop 95 Percent Since 2015. Security Intelligence. Достапно на 01.08.2019, 00.00ч. https://securityintelligence.com/posts/the-decline-of-hacktivism-attacks-drop-95-percent-since-2015/.

Snow, D. A. & Soule, S. A. (2006). The Blackwell Companion to Social Movements. Blackwell Publishing

Snow, D.A. (Editor); Della Porta, D. (Editor); Klandermans, P.G. (Editor); McAdam, D. (Editor). / The Wiley-Blackwell Encyclopedia of Social & Political Movements. Malden: Wiley-Blackwell, 2013. 1487 p.

Stryker, Cole (2011). Epic win for Anonymus: How 4chan`s army conquered the web. The Overlook Press, NY

Tilly, C. & Wood L.J. (2013). Social Movements, 1768–2012. New York: Routledge

Tarrow, Sidney G. (2011). Power in Movement: Social Movements and Contentious Politics. New York: Cambridge University Press.

Turner, Ralph H. & Killian, Lewis M. (1972). Collective behavior. Prentice-Hall.

West, Guida and Blumberg, Rhoda Lois (Eds.) (1990). Women and Social Protest. New York: Oxford University Press

von Busch, Otto, & Palmås, Karl, (2006). Hacktivism: the making of a hacker culture. Lightning Source, UK.